# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Триесеттата седница на Собранието
на Република Македонија, одржано на 23 јули 2003 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 14,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по 30-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со работа по точката 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор по предлогот?

Госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Од Извештајот на Македонска радио телевизија кој пред неколку седници беше предмет на усвојување на Парламентот, можеше да се види исклучително неповолната материјално - финансиска состојба на Македонска радио телевизија.

Во образложението на предлогот за измени и дополнување на Законот за радиодифузна такса се наведува дека една од основните причини се токму состојбите во врска со собирањето на средствата од радиодифузната такса, кој подолг период се веќе неповолни. Од процентите дадени во предлогот се гледа дека почнувајќи од 2001 година, во предлогот, процентот на платите се намалува перманентно, со што се доведува во прашање овој модел на финансирање, не само на јавниот радио - дифузен сервис, туку и на функционирањето на целокупниот јавен

радио - дифузен систем. Така, во 2001 година процентот на наплата на радио - дифузната такса изнесува 56,6%, во 2002 година изнесува 50,8%. Овде ќе се надоврзам на причините за овој процент на наплати на радио - дифузната такса во 2001 година.

Имено, од наведените неколку извештаи од работата на Електростопанство на Македонија, односно неговите подружници во градовите, можеме да се увериме дека постојат цели региони, посебно во поранешните кризни подрачја кои пред, особено по 2001 година воопшто не ги плаќаат сметките за електрична енергија иако истата ја користат, а со тоа не се наплаќа и радио-дифузната такса, за разлика од останатите делови на Република Македонија. Со оглед на кревката безбедносна состојба, токму во овие региони и тешкотиите и отпорот што го дава месното население, посебно на мешаните етнички патроли, се поставува следното прашање. Кога овие мешани етнички патроли не можат да патролираат секаде во тие кризни региони, како тогаш ќе може да се изврши наплатата на електричната енергија со тоа и радио-дифузната такса.

Значи, иако се предлага измена на постојниот Закон за радио-дифузна такса, колку сега би била наплатата во овие региони и на електричната енергија, а со тоа и на радио-дифузната такса, односно дали наплатата ќе се зголеми, или ќе ја има досегашната тенденција на ненаплаќање. Но, и овде не се виновни граѓаните кои останаа да живеат во тие региони, затоа што можеби ваквиот развој на настаните им беше ветен, но тоа ветување на тие граѓани им остана само се поизразената сиромаштија.

Сега би сакала да се вратам на самиот предлог. Во овој предлог се бара измена на член 75 став 4, кој би гласел: Во сметката за наплата на електрична енергија износот на радио-дифузната такса се искажува во делот на ангажирана моќ. Причините за ваквата нова формулација на овој член се заради подобро и посигурно собирање на радио-дифузната такса. Само накратко би сакала да го објаснам новиот начин на пресметување на радио-дифузна такса во сметките на електрична енергија , доколку овој предлог биде усвоен.

Имено, со зголемување на цената на електричната енергија од 7% при пресметувањето се зема потрошената електричната енергија од првата тарифа зголемена за 7%. Потрошената електрична енергија од втората тарифа зголемена за 7%. Откако овие два износа се собираат, од нив се пресметува 33,33% од ангажирана моќност. На вака добиениот износ се предлага да се додаде радио-

дифузната такса, значи, нејзиниот износ да не може да виде видлив. Потоа, со собирање на сите овие претходно наведени износи, се додаваат манипулативните трошоци и се добива даночната основица на која се пресметува данокот од 18%. Така ние овде, немаме само просто префрлање на радио-дифузната такса од ставка 32 во ставка 22, туку со таквиот нов начин кој се предлага ќе доведе до тоа сметките, доколку се разбира овој закон ќе се усвои, јас верувам дека ќе се усвои со оглед на силите кој постојат во Парламентот, износот на електричната енергија ќе биде многу поголем од досегашниот. Ова ќе биде уште едно дополнително оптоварување на семејниот буџет кој се повеќе се троши и се намалува.

Од друга страна пак, според предлагачот, оваа јавна давачка не ја плаќаат оние обврзници кои со закон биле обврзани и се обврзани да ја плаќаат. За да се подобри наплатата на сметките за електрична енергија, а со тоа и на радио-дифузната такса, во предлогот се вели дека ќе се започне процес на присилна наплата, што значи инволвирање на судските органи во овој процес на присилна наплата. Двојните стандарди на Владата овде повторно избиваат на површина со овој предлог закон. Додека од една страна се приговара дека оваа давачка не ја плаќаат обврзниците кои со закон се должни да ја плаќаат, од друга страна пак, Владата на Република Македонија предложи и го донесе Законот за амнестија на лицата кои исто така прво со Уставот на Република Македонија, а потоа и со закон се должни да учествуваат во одбраната на земјата. Значи, обврзниците за плаќање на радио-дифузна такса се должни истаста да ја плаќаат со закана за присилна наплата, а лицата кои до 2003 година, по основ на двете кривични дела кои беа наведени во Законот за амнестија, не ја исполниле обврската и должноста кон државата чии граѓани се, тие истите лица ќе бидат амнестирани. Дали е потребен некаков коментар на ова, навистина незнам.

Меѓутоа, треба да се постави овде да се постави и основното прашање, а тоа се колкави се можностите, реалните шанси и најважно желбата на Македонска радио телевизија да прерасне во вистински јавен сервис во служба на граѓаните, на кои толку мнгоу се повикуваат сите. Дали навистина постои намера за вистинска трансформација на Македонска радио телевизија, заради која се предлага овој предлог за изменување и дополнување на Законот за радио-дифузна такса, токму од тешката материјално - финансиска ситуација во која се наоѓа оваа телевизија. Многу сомнеж во тоа предизвикува токму ваквиот предлог на закон, затоа што се зборува само за начинот на кој ќе биде што посигурна наплатата на таа радио-дифузна такса

и во таквото едно слепо изнаоѓање на начин на сигурен начин за наплата на радио - дифузната такса, се забора еден многу важен дел, а тоа е дека радио-дифузната такса е јавна давачка чиј износ и месец за кој се однесува мора да биде изрично и посебно означена во сметките за електричната енергија.

Значи, не смее да се дозволи мешање на она што се предлага во законот, ангажираната моќност заедно со јавната давачка, односно радио-дифузната такса. Сметам дека она што Владата на Република Македонија го има дадено во образложението на овој предлог закон дека ваквиот модел на собирање на радио-дифузна такса преку сметките за електричната енергија се пресметува во Турција, Грција и Кипар и бил мошне ефикасен начин, воопшто не е точно, барем во една од овие наведени земји. Би сакала Владата на Република Македонија во нејзината натамошна работа прво добро да провери дали е така како што наведува во причините, за да не пласира неточни податоци.

Понатаму, би сакала на Владата на Република Македонија уште еднаш да и укажам да размисли, дали ќе го форсира овој модел на плаќање на радио-дифузната такса и со тоа финансирање на Македонска радио телевизија, или пак ќе размисли да ја намали наплатата во процентот во кој е определена 2,5% од просечната плата во стопанството во претходните три месеци. Значи, ќе го намали износот за 50% за да може со така намалениот износ да се мотивираат граѓаните да ја плаќаат радио-дифузната такса.

Во прилог на ова размислување Владата на Република Македонија треба да ја земе и се потешката економска состојба во државата, а со тоа и оптеретениот семеен буџет. Ако на ова се додаде и започнувањето на процесот на присилната наплата кој се предлага, крајниот ефект сметам дека ќе биде поразувачки пред се поради се поголемото намалување на семејниот буџет на секое домаќинство, а каква ли ќе биде наплатата на електричната енергија навистина мислам дека Владата на Република Македонија треба да се загрижи преку Електростопанство на Македонија, односно подружниците во градовите.

Значи, уште еднаш апелирам да се води сметка дека радио--дифузната такса е востановена како јавна давачка, таа мора да има прецизен износ и прецизен месец за кој се однесува, а не да биде ставана измешана со ангажираната моќност.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почигуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

На една од последните седници на Собранието на Република Македонија расправавме за Извештајот на Македонската радио телевизија. На таа расправа изградивме општ консензус од сите политички партии во Собранието и од позиција и од опозиција за значењето на јавниот радио - дифузен сервис, како национален интерес. На таа собраниска расправа еден од заклучоците што ги донесовме гласи:

Собранието на Република Македонија констатира дека досегашниот модел не овозможува ефикасно собирање на радио-дифузната такса како јавна давачка и предлага Владата на Република Македонија да изготви и предложи измена на законската регулатива со што ќе овозможи ефикасна наплата на истата.

Од тој заклучок денеска Владата на Република Македонија ги предлага измените и дополнувањата на Законот за радиодифузна дејност со цел да се подобри наплатата за радиодифузната такса. Причини за ваквиот заклучок на таа седница беше ниската наплата на радиодифузната такса, односно 40% од наплатата на радиодифузната такса, односно издвојување на радиодифузната такса при наплатата на електричната енергија и истовремено не плаќање на истата.

Во член 130 од постојниот закон за радиодифузија стои:

За покривање на сите трошоци врзани со создавањето на општи услови за развој на радиодифузната дејност, особено преку изградбата, одржувањето и упторебата на јавната радиодифузна мрежа, за заштита на радиодифузниот простор на Републиката, со создавање на радиотелевизиски програми од јавен интерес, во рамките на утврдувањето на загарантираните основни права и слободи на човекот се воспоставува радиодифузна такса. Потенцирам, радиодифузната такса има карактер на јавна давачка.

Во член 131 од истиот закон исклучок од обврската за плаќање на радиодифузната такса се корисници кои не се покриени со квалитетен радиотелевизиски сигнал, а кои ги определува Владата на Република Македонија на предлог на Советот за радиодифузија и лицата определи од Министерството за труд

и социјална политика, поради социјални причини. Овде се можностите во кои Владата на Република Македонија може да направи олеснување при наплата на граѓаните со ниски примања. Како и секоја друга јавна давачка и радиодифузната такса е обврса на граѓаните која треба да ја платат, доколку сакаме нормално функционирање и развој на радиолдифузијата и конкурентноста со крајна цел на квалитетен радиодифузен сервис. Сфаќањата, навиките од минатото треба да ги менуваме. Атмосферата во државата ја правиме сите ние, Владата на Република Македонија, Парламентот, институциите и граѓаните. Секако дека најголема е одговорноста на политичките субјекти, но институциите и граѓаните треба да го понесат својот дел од одговорноста, доколку сакаме да градиме меѓусебна доверба. Не треба да се повторат политичките повици за неплаќање на јавни давачки кое е на штета и на институциите и на граѓаните со натрупување на сметките, а со цел да се добие ефтини политички поени. Но, исто така, Владата на Република Македонија, Електростопанство на Македонија, Советот за радиодифузија, Македонска радио телевизија треба да вложат напори за зголемување на ефикасноста во работењето и наплатата на радиодифузната такса. Секако дека процесот на трансформација можеше да се одвива побрзо и со поголем ефект, но тоа зависеше од повеќе фактори, а најмногу од неподготвеноста похрабро да се влезе во реформите на системот, а не е за занемарување ниту конфликтот на интереси на одредени субјекти на кое сега нема да се навраќам.

Она што сакам да го потенцирам во оваа прилика е потребата од подобрувањето од квалитетот, а особено на конкурентноста и контролата во Радио-дифузната дејнсот, односно од потребата за донесување на нов закон за Радиодифузија. Според програмата на Владата, Законот за измени и дополнувања на Законот за Радиодифузна дејност треба да се донесе до крајот на годината, со кој треба а се усогласат одредби од домашното законодавство, со Законот за локална самоуправа и усогласување на Радиодифузната легислатива на Европското законодавство, особено за зајакнување на конкурентноста и контролата со независни регулаторни тела.

Од сите наведени причини ја поддржувам оваа измена на Законот за надминување на лошите состојби со наплатата на радиодифузната такса и со апел до Владата да ствара услови за пораст на животниот стандард на граѓаните како би можело полесно и редовно да ги плаќаат сите јавни давачки.

Пратеничката група на Либерално-демократската партија го поддржува овој предлог за измени на радиодифузна такса и ќе гласа за овој закон. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дин пртседателе,

Овој предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, кој се состои во промена на еден став од членот 75 тоа е ставот 4, кој гласеше во сметката за наплатата на лекетричната енергија се назначува и износот на радиодифузната такса и месецот за кој се однесува. А сега промената и после промената овој став 4 гласи во сметката за наплата на лектричната енергија износот на Радиодифузната такса се искажува во делот на ангажирана моќност. Како што објасна колешката Марија Којзаклиска, како се формира сега цената и како доаѓа ДДВ во целиот овој план како ќе се применува сето ова за да дојдеме до конечната цена на Радиодифузната такса и како таа ќе биде вметната во делот каде што имаме ангажирана моќност, ќе видиме што се променува со оваа јавна давачка, се става точно во делот на ангажираната моќност, овие пари во основа 33,33% треба да служат за развој на термоелектричните централи, но верувајте ми дека тие пари многу тешко стигнуваат до оние за кои се наменети и мислам дека и со оваа промена ќе биде и уште потешко.

Тука имаме еден проблем затоа што се работи за две претпријатија од кои што едното ќе треба да ја изврши наплатата, а после тоа треба да биде префрлено како јавна давачка до како Радиодифузна такса, значи, уште една јавна давачка до Македонската радио-телевизија.

Со ова оваа јавна давачка на некој начин станува тајна. Директно во цената на електричната енергија и незнам дали е тоа правиот начин како да се наплати една јавна давачка. Мислам дека и Уставниот суд ќе има работа. Нашиот проблем е многу поедноставен т.е. да се изнајде начин како државата да ги наплаќа сите јавни давачки а дали утре ќе изнајдеме начин оваа радиодифузна такса да биде вметната во давачка за вода, за гориво или други давачки, не ни обезбедува генерално наплата на оваа јавна давачка.

Значи, битни се два моменти: и тоа да се обезбеди начин за плаќање на јавните давачки и тоа на целата територијана Република Македонија, која во моментот гледаме дека не е под контрола, тоа можеме да го забележиме и по тоа

што инкасантите за наплата на електрична енергија во многу ситуации беа помагани дури од единици  на КФОР.

И второ, јавната давачка, доколку е јавна да биде видлива во било која сметка и секој што ја плаќа треба да знае колку и зошто плаќа.

Со оваа промена и така наплатата на електрична енергија не е нешто посебно, мислам процентот еве добиваме информации од Електростопанство дека се намалува од месец на месец а сега може да се случи токму поради овие сметки кои што ќе бидат вметнати директно во цената на струјата и самото Електростопанство да добива многу да ја изврши наплатата со многу помал процент. Имаме и друг проблем.

Другиот проблем е што во селските населби она што го кажа и госпоѓата пратеник претходно дека во многу рурални средини и селски населби луѓето имаат броила и по објекти кои што кои што не се објекти за живеење, со ова директно ќе биде вметната и таа давачка дали некој ќе ја знае дека е вметната или не е вметната и ќе плаќа години со ред без да знае а потоа да се поведуваат судски спорови тоа ќе треба допрва да се види.

Во најскоро време Македонската телевизија треба да ги обезбеди овие сигнали на целата територија на Република Македонија, тука станува збор за она што се наплаќа како такса за радијата што се наоѓаат во возилата со самата регистрација на возилата се доаѓа во ситуација до 50% од површината на РМ, со овој радиосигнал или радиодифузија не е покриена, значи, тука ќе треба многу да се направи.

На крајот, би сакал да кажам дека треба да се изнајде решение, ова е само половично и дискутабилно. Мислам дека не е трајно решение, па ќе биде добро ако со новиот закон кој се предвидува за Радиодифузија до крајот на годината да изнајдеме начин ова како јавна давачка која ќе ги товари сите граѓани на РМ, да биде јавна и да биде обезбедена на начин, како треба да се прави, а преку електричната енергија директно во цената, мислам дека не е правиот начин, на кој македонската телевизија ќе го реши овој проблем.

Благодрам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Некои од пратениците кои како членови на политичките партии се вклучени во процесот на усогласување на еден поширок консензус во рамките на севкупните активности за подготвување на Закнот за радиодифузија, закон кој доколку биде подготвен како што треба, доколку се најде пред Собранието некаде до средината или најмногу до крајот на ноември оваа година, треба да биде донесен од Собранието на РМ. Инволвирањето на одреден број пратеници, или политички партии во овој процес е со единствена цел при промената на власта да не се случува секоја промена на власта во РМ да наоѓа одраз и во интервенции во Законот за радиодифузија.

Истовремено овие активности се исто така со цел да се помогне да се изврши трансформација на МРТВ како јавен радиодифузер во РМ, не заборавајќи притоа дека во истиот процес се вклучени и експерти од Пактот за стабилност и претставници на трговските радиодифузни друштва во РМ.

Значи, како што гледате практично сите се вклучени и оние кои ги овозможуваат услугите, оние кои ја подготвуваат правната рамка и експертски тимови од пактот за стабилност и од Советот на Европа кои би ни помогнале како земја да ги усвоиме стандардите кои важат во повеќето земји во Европа вклучително и во земјите членки на ЕУ.

Јас очекував и од Владата по нејзиниот неуспешен обид да протурка еден Предлог закон за Радиодифузија под нивото на јвноста, значи без јавна расправа, без да бидат консултирани членови од Здружението на приватните радиотрговски дифузни друштва, без да биде консултиран експертскиот тим на Советот на Европа, а уште помалку да бидат консултирани пратениците од редовите на ВМРО-ДПМНЕ како опозиција во овој парламент, за среќа, тој обид не успеа на Владата и таа го повлече од процедура во Владините работни тела.

Бидејќи кажав дека овој процес постои во РМ, во прашање се само некоку месеци, а имаме најави, тоа беше кажано и јавно од страна на Здружението на приватните радиодифузни трговски друштва дека тие остро се спротивставуваат, впрочем како што налага и законо, наплаќање на радиодифузната такса без да биде видливо изразена на сметката, во овој случај како што сега е регулирано според постојниот закон, тоа е преку сметката за електрична енергија.

Дали во иднина ќе биде регулирана на поинаков начин да се плаќа на друга сметка останува прашање кое ќе биде договорено на работните средби на сите инволвирани страни кои сега ги спомнав.

Затоа би сакал да апелирам до претставниците на политичките партии кои посредно или непосрендо, директно или индиректно беа ангажирани досега на повеќе контакти и средби на сите овие субјкети за кои зборував да не се дава поддршка на овие измени во Предлог законот за наплата на радиодифузната такса од едноставна причина затоа што еден досега тешко изграден консензус меѓу сите овие субјекти навистина РМ, да добие квалитетен закон и истовремено како претставници на политички партии, како пратеници во Собранието на РМ, да го дадеме нашиот максимален придонес за да овозможиме реална и ефикасна трансформација на МРТВ како јавен радиодифузер во интерес на граѓаните на Репбулика Македонија но и воопшто како израз на национален интерес, во крајна линија ако сакате, на РМ.

Доколку, за жал, парламентарното мнозинство сепак реши да ги поддржи измените во Законот за радиодифузија, навистина верувајте дека ќе биде нарушен оној тешко изграден консензус и начин на работа кој досега сме го практикувале за да Република Македонија добие максимално квалитетен закон за радиодифузија, закон кој нема да подлежи на промени при промената на власта во РМ, значи закон кој ќе биде во функција и на МРТВ како давател на услуги и на приватните радиодифузни трговски друштва кои исто така даваат услуги и во крајна линија на македонските граѓани како корисници на тие услуги.

Верувам дека може би ќе се најде доблест барем кај пратениците кои работат на овој проект да не дадеме поддршка на овие измени затоа што верувајте ќе го нарушиме овој тешко изграден консензус и затоа ние како пратеничка група нема да го поддржиме ова, затоа што другите учесници во овој процес веќе го кажаа своето негативно мислење да се прават измени во насока на сметката која ја плаќаат граѓаните по однос на јавната давачка за радиодифузната такса таа да не биде јасно изразена во кој износ се наплатува. Благодрам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Имајќи во предвид дека од последните седници на парламентот имавме информација за МРТВ и како наш дефинитивен заклучок беше дека ова јавно претпријатие се наоѓа во тешка економска и финансиска состојба.

Јас би спомнал дека во една потешка состојба е и програмата на албански јазик во ова јавно претпријатие. Затоа нашата парламентарна група ја поддржува оваа измена на Законот за Радиодифузија со што се предвидува на поефикасен начин да се овозможи собирање на радиодифузната такса со што немаме измени на вредноста на оваа такса, туку имаме измена на позицијата на оваа такса на сметката на електричната енергија.

Исто така, би потенцирал оваа радиодифузна такса каде поголем дел од таа такса оди за финансирање на МРТВ поделбата на овие средства да се направи на пропорционален и соодветен начин во програмите на македонската телевизија за сите заедници. Со самиот факт дека населението го финансира ова јавно претпријатие, тогаш со право бара квалитет во информирањето и во другите области на ова јавно информативно претпријатие.

Мислам дека со донесувањето на Законот за Радиодифузија кој треба да дојде во иднина, мислам дека ќе се решат сите овие проблеми што се однесува до сверата на радиодифузијата затоа сакам уште еднаш да спомнам дека парламентарната група на ДУИ ќе го поддржи овој предлог закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани пртставници од Владата,

Би сакал да го искажам моето мислење по Предлогот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузија. Уште на почетокот би кажал дека овој предлог за измени и дополнувања е во спротивност со Уставот на РМ, од причини што со овој предлог закон ниту се менува висината и да се расправа колку треба да се плаќа тој надомест, таа услуга на радиодифузната такса на РМ, туку се оди од еден систем кој функционирал некаде 6 години и кој покажал дека недоволно се собираат средства и начинот како е поставен во фактурите издадени од ЕСМ, сега се оди со оваа измена висината на надоместот кој е определен со Законот за

радиодифузија граѓанинот воопшто да не го гледа. Сметам дека е сосема спротивно и недопуштиво такво нешто, а би навел само некоку причини дали може било каква давачка некој да ја плаќа, а да не знае колку плаќа, да нема документ за истото. Ако тргнеме од Министерството за финансии и од законите кои ги носиме во тој правец ние вршиме притисок во самата кафана каде човекот повраќа пијачки или било какво јадење секое да е евидентирано и да види кој што плаша секое колку кошта, ние овде одиме да прикриеме една работа се со цел сметајќи дека ќе се соберат повеќе пари на сметката на МРТВ.

Сметам дека и оваа измена нема да донесе ништо, само ќе има еден обратен ефект, а тоа ќе биде во тоа што сите сме свесни дека ЕСМ како јавно претпријатие е во тешка економска состојба, дека истото не може да ги собере сите средства од потрошена електрична енергија кое има должничко доверителен однос, бидејќи користи услуги односно троши струја, па не ја плаќаат граѓаните, а со ова нешто веројатно кај одредени граѓани кои избегнуваат да ја плаќаат радиодифузџната такса истовремено ќе избегнуваат да ја плаќаат и електричната енергија, па доколку денеска имаме 70-80-% од граѓаните на РМ ја плаќаат електричната енергија, веројатно ќе падне надолу, па од тие причини, сметам дека Владата избрала сосема погрешен метод.

МРТВ не е од денеска болна по однос на ова прашање туку ова прашање го носи повеќе од 10 години. Може би досега имало повеќе време, имало начини и услови да се најде кој е тој механизам и на каков начин да се наплача радиодифузната такса како би работело тоа јавно претпријатие во сосема нормални услови отколку со наплата од 30 до 40%, а во одредени реони уште помалку, јас незнам дали има анализа  што е тргнато со оваа замисла да се направат измени и дополнувања на ваков начин, колку се тие граѓани што плаќаат електрична енергија а го избегнуваат плаќањето на радиодифузната такса.

Радиодифузната такса како јавен долг секој граѓанин треба да го има пред себе дали на фактура или на било кој начин. Во иднина на кој начин , ако има потреба да се употреби механизам за наплата преку суд, значи на присилен начин, кога тој граѓанин никогаш не добил фактура и на кој начин ќе биде тужен или да му бидт барани такви средства.

На Законодавно-правната комисија бевме известени дека се подготвува нов метод, нов начин и дека до крајот на годината ќе биде понуден. Тогаш сметам дека овој закон Владата треба да го повлече и ако има идеи на кој начин тоа да го

направи и да има пореален пристап за наплата на радиодифузната такса, сметам дека за два три месеци не пропаѓа МРТВ, бидејќи не пропаднала ни за изминатите десет години која секогаш земала намален износ. Инаку, на овој начин, јас како пратеник, не би можел да гласам затоа што јавната давачка е јавна и мора секој граѓанин да ја има пред себе, а не да биде вметната во фактура за плаќање на струја, па предлагам да ја ставиме на друг начин во некој данок или било каде што може полесно да се наплати.

Во ДДВ да го ставиме, најлесно се наплатува. Затоа треба предлагачот да најде начин и метод и да ги утврди причините зошто се избегнува плаќањето. Тоа е основната причина кои се причините што граѓаните се непослушни према Законот за радиодифузната такса. Значи има некоја причина и треба да ја најдеме причината и тогаш ќе биде полесно до остварување на целта да може да се наплатува на таков начин.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Цветле Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Почитуван претседател, колеги пратеници, претставници на Влада,

На една од последните седници го разгледавме Извештајот за работа на Јавното претпријатие МРТВ. Констатиравме и заклучивме дека ова јавно претпријатие го има започнато процесот на трансформација со основна цел и содржина да се редефинира во своето работење во улога на јавен сервис.

Во ова глобализациско време јавниот сервис е фактор што ќе треба да го негува нивото на севкупноста на културата, да го препознае социјалниот идентитет на граѓаните, да е достапен до сите популациони сегменти, да создава препознатливи новинарски стандарди и строго да го почитува професионализмот.

Исто така, ќе треба да гради мостови со гледачите за да одговара на нивните вкусови. Но во исто време, и да настапува и како важен стабилизатор на расположбите. Имено, за матичните промени низ кои поминува нашата држава, да ги третира нив непристрасно, проверено и веродостојно информирање.

Стратешка определба на МРТВ е да го изразува и поширокиот општествен и политички плурализам во земјата како и мултикултурните вредности на Република

Македонија. Надвор од земјата МРТВ да го искажува нашиот национален интерес и да развива концепција блиска на најновите светски развојни трендови.

Сите овие тенденции ценам дека веќе ги чувствуваме следејќи ги програмските шеми на Македонската телевизија. Нема веќе емисии од бункер, нема непожелни личности на Македонската телевизија, а постои стремеж за ослободување од доминација на било кој економско политички центри на моќ.

Но како за секоја трансформација така и за оваа МРТВ, а пред се за нејзиното редовно работење потребни се пред се, финансиски средства. Најнапред неопходно е законско дефинирање, но исто така и дефинирање на посебни извори на средства од Буџетот.

Разгледувајќи го Извештајот на материјално финансиското работење на МРТВ го апсолвиравме фактот дека таа работи по основна карактеристика на голем недостаток на финансиски средства, кој кон крајот на 2002 година се утврдени во вкупен износ од некаде 24 милиони евра.

Ваквата состојба е резултат на работењето и ефектите од тоа работење во изминатите неколку години. Меѓу другото, како резултат на нецелосно реализирање на радиодифузната такса, соодветно на регистрираниот број корисници на радио и ТВ приемници, согласно Законот за радиодифузната дејност. Радиодифузната такса како оснвоен извор на финансирање на севкупното работење на МРТВ, истата имајќи третман на јавна давачка за финансирање на јавниот сервис во почетокот на воведување на Законот за радиодифузна дејност бележеше процент на наплата од околу 70%, за да во наредните години тоа опаѓа и да се спушти на најниско ниво од 50,8% во 2002 година, со просечен месечен прилив на средства од само 41 милион денари.

Состојбата со ненаплатената радиодифузна такса заклучно со 2002 година е милијарда и 500 милиони денари. Наплатата на радиодифузната такса според актуелниот Закон за радиодифузна дејност е врзана со наплатата на испоставената сметка за потрошената електрична енергија. Тоа е еден модел при што е искористен механизмот за прекинување на испораката на електрична енергија, доколку не се наплати претходно потрошената електрична енергија од страна на потрошувачот, а со тоа и овозможена е наплата на радиодифузната такса. Но има и еден недостаток во актуелниот Закон за радиодифузна дејност во практичното решение, затоа што радиодифузната такса е издвоена во сметката за потрошената електрична енергија, а со тоа создадена е можност да се плати потрошената електрична енергија, но и со

изостанување  на износот од радиодифузната такса. Така, во изминатиот период врз овој основ правени се намерни или ненамерни пропусти од страна на одредени банки, голем број на пошти како носители на платен промет, како и на шалтерите на подружниците на Електростопанство да се примаат уплати на сметки на електрична енергија, без радиодифузната такса. Ова предизвикува директно намалување на приливот на средства, што значи и директно неостварување на Законот за радиодифузија.

Со предлогот што го имаме за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност, односно со измена на став 4 од член 75 од Законот за радиодифузна дејност, износот на радиодифузната такса се искажува во делот на ангажираната моќност, која пак претставува апсолутна визичка величина и ја искажува погонската спремност на единствениот електроенергетски систем. Ваквото практично решение, пред се целосно да се плати електричната енергија овозможува и наплата на радиодифузната такса. Но веднаш да кажам дека не треба да се има илузии дека и со ова законско решение ќе се обезбеди континуиран прилив на средства. Ова се обезбедува при испостава на катамесечните сметки за потрошена електрична енергија, а исто така испостава на сметките на три месеци еднаш што е случајот  со селското подрачје и со сезонските и викенд потрошувачи, наплатата се врши еднаш годишно и тоа го забавува обезбедувањето на средствата. Затоа, ова изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, го сметам за преодно решение по изготвување на новиот закон за радиодифузна дејност и затоа ќе гласам за него.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе. Уште по добивањето на овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, навистина се вчудоневидов од начинот  на кој што е решено ова прашање. Не од причини не треба да се реши тоа прашање, туку од причини што се решава на таков начин.

Имено, со овој предлог се воспоставува нова практика која директно е спротивна на заложбата на немешање на државата во утврдувањето  на цените според економски критериуми.

Со овој предлог за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност индиректно се влијае на зголемувањето на цената на електричната енергија за износ од сегашни 284 денари, независно од износот на потрошената електрична енергија. односно независно од тарифниот систем за формирање на цената на електричната енергија. Тоа е спротивно на правните прописи, кои децидно утврдуваат дека таксите како јавна давачка не смејат да бидат дел од цената на електричната енергија која е економска категорија и за која економска категорија, за да стане целосна економска категорија слушнавме повеќе излагања во таа насока. Со ова директно државата влијае на создавање на нови проблеми и на граѓаните и на Електростопанството на Македонија, меѓутоа, и во однос на претходно затекнатите состојби. Овој начин на внесување на таксите во цените на јавните добра, односно на цената на производите кои што се предмет на пазарот од страна на јавното претпријатие сметам дека може во иднина да претставува и внесување на евентуално комуналните такси во цената на водата, во цената на парното греење, или пак во јавниот превоз. Тоа е едно исто.

Значи, оваа предложена измена на Законот за радиодифузна дејност, создаде дополнителни проблеми покрај од овој вид, како една невообичаена практика која што има негативни последици, туку и дополнителни проблеми во однос на Електростопанство на Македонија. Особено кога се работи за наплатата на електричната енергија, со што директно ќе се влијае на ликвидноста и на работењето на Електростопанство на Македонија. Особено тоа ќе се одрази во однос на наплатата на домаќинствата, кои се и најголеми корисници на апарати односно на телевизиски и радио апарати. И во однос на досегашната практика на оутжување на долгуваните износи од граѓаните, се овозможуваше, што е најнормално, а согласно Законот Електростопанство на Македониа наплатата на радиодифузната такса да ја пренесува на Управата за јавни приходи, а Електростопанство да врши отужување само за исносот кој се однесува на потрошена електрична енергија. Со ова не постои начин на кој што ќе може да се врши оутжување само на потрошена електрична енергија, туку ќе може да се врши оутжување и на радиодифузна такса, што претставува навистина една неприфатлива ситуација, затоа што Електростопанство на Македонија не е корисник на оваа такса и на тој начин не смее да отужува наплата на оваа такса.

Исто така, со предложениот начин на наплата на радиодифузна такса дирктно ќе се влијае на тешката социјална состојба на населението, бидејќи со оглед на

неисполнетите ветувања за вработување по еден член од секое семејство, со кој СДСМ настапи на парламентарните избори, отпуштањето од работа без да се води грижа за социјалната состојба и сигурност на луѓето, намалените цени за откуп на тутунот, за пченицата, за лубениците, за другите земјоделски производи, директно придонесува за неможност на голем дел од населението да ги задоволи најосновните животни потреби. А со овој предлог значително ќе се намали можноста за наплата од оваа категорија население, која наплата и онака се одвива мошне тешко.

Јас сум за изнаоѓање на начин за решавање на проблемите во функционирање на МРТВ и на другите приватни и локални радиодифузни друштва, но предложениот начин не само што нема да ги реши финансиските проблеми со кои што тие се соочуваат, туку ќе создаде и нови проблеми за Електростопанство на Македонија..

Всушност, покачувањето на цената на електричната енергија беше образложено со тешката состојба на Електростопанството на Македонија. Затоа се прашувам дали внесувањето и на оваа такса во цената на електричната енергија ќе предизвика потреба од ново покачување на цената на струјата, поради тешкотиите со наплатата на потрошената електрична енергија овој пат. А се врши истовремено на овој начин и дискриминација спрема потрошувачите кои редовно ја плаќаат електричната енергија, заедно со радиодифузната такса наспроти нередовните плаќачи кои што не само досега не ја плаќаа електричната енергија, ниту радиодифузната такса, туку на овој начин сите оние кои не плаќаат редовно и електрична енергија и радиодифузна такса, ќе бидат фактички ослободени од неплатените износи за радиодифузна такса.

Во овој закон, со ова решние воопшто не се води сметка за еднаквоста на граѓаните пред законот, пред правото во однос на тоа што оние кои го почитуваат законот, кои што ги почитуваат своите обврски кон државата се наоѓаат во една полоша состојба, отколку оние што не ја плаќале радиодифузната такса. Да не зборуваме за тоа дека Електростопанство на Македонија не смее да врши исклучувања од електроенергетскиот систем заради неплатена радиодифузна такса, а на предложениот начин за наплата на радиодифузна такса со внесување во цената на електричната енергија, нема да постои начин Електростопанство на Македонија да ја наплати потрошената електрична енергија со исклучување од мрежата без притоа да врши исклучување и за радиодифузната такса. Тоа ќе бидат реално

фактички проблеми и постојано во праксата ќе се одразуваат при работењето на Електростопанство.

За тоа дека отежнувањето на наплатата ќе значи и потреба од поголемо исклучување од мрежата, односно ангажирање на луѓе, возила, опрема во таа насока, што дополнително ќе ги зголеми трошоците на работење на ЕСМ, и за тоа не треба да се зборува. И колку сето тоа објективно ќе може да го направи ЕСМ доколку добие неплаќањето уште поголеми димензии од сегашните, кои и онака не се мали, особено што долг период граѓаните чекаат да се исклучи радиодифузната такса со цел да ја платат потрошената електрична енергија, а ова особено ќе дојде до израз при исклучувањето од електричната мрежа кога тие ќе сакаат да ја плаќаат потрошената електрична енергија, меѓутоа, нема да можат, затоа што ќе бидат условени со плаќањето на радиодифузната такса. На овој начин тие ќе трпат последици, нема да можат да ја користат електричната енергија, само заради тоа што немаат намера да ја платат радиодифузната такса. Со тоа фактички, овој начин уште во старт паѓа во вода и бара нов начин за наплата на радиодифузната такса, кој што ќе значи навистина, целосно и трајно решавање на овој проблем. А состојбата на МРТВ не зависи само од прибирањето на радиодифузната такса, туку и од брзото и ефикасно нејзино преструктуирање, што е основен предуслов за надминување на состојбата во која таа се наоѓа. Значи немојте сите проблеми со кои што се соочува Буџетот и МРТВ да паѓаат на грбот на Електростопанство на Македонија и на граѓаните, туку со реално заживување на економијата овозможете нормални услови за прибирање на јавните давачки и за нормален живот на граѓаните. Веќе нема од кои средства, од која плата, од која социјална помош, од каде луѓето да ги плаќаат давачките кои постојано им се наметнуваат. Се покачија даноците, се покачи цената на струјата, се намалија откупните цени на земјоделските производи, се намали бројот на корисниците на социјална помош, останаа без плата голем број луѓе. Од каде граѓаните ќе можат да ги плаќаат сите овие давачки. Најдете начин кој што реално, објективно ќе може да ги задоволи потребите и на МРТВ и на Буџетот и на државата Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор заменикот министер за транспорт Дејан Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Јас во принцип немав намера да одговарам, бидејќи мислев дека е сосема јасно, бидејќи ако се дискутира за изменување во Законот за радиодифузија, дека претходно ќе треба да се прочита Законот врз основа на што вршиме одредена измена. Тоа е едно.

Второ, обично се зборува дека во новата Влада има голем број на електроинженери меѓутоа истата ситуација дека опозицијата повеќе се залага за Електростопанство, отколку за Владата.

Јас би сакал да дискутираме за конкретното предложено решение .

Пред се замислата е радиодифузната такса да биде посебно искажана, за што на заданта страна од сметката ќе има шифра каде што секој граѓанин јасно ќе може да види каде му е дефинираната радиодифузна такса. Меѓутоа во што се состои предлог решението.

Сите знаеме дека досега кога ќе дојде на шалтер да ја плаќа електричната енергија шалтерскито службеник го рпашува дали Ќе плаќаш електрична енеркија или радиодифузна такса. Ти имаш избор да плаќаш електрична енергија.

Со ова решение не се овозможува тоа, значи едноставно мора да се плати и радиодифузна такса и електричната енергија. Тоа е првата предност која мислиме со ова да постигнеме подобра наплата на македонската радиодифузија.

Второ, износот на радиодифузна такса нема да биде внесен во основицата за пресметување на ДДВ. Јас незнам од каде ви е таков податок и како можете да рачунате дека ќе биде внесен во основица за ДДВ.

Бтојот на телевизиски приемници со броила не може да се израмнува, затоа што преку 400 илјади имаме регистрирани ТВ приемници, а броила имаме преку 600 илјади. Значи тоа е исклучено како можност.

Едноставно со ова предлог решение сметаме дека, и она што една од пратеничките искажа преодно решение донесување на новиот закон за радиодифузија се обидуваме да воведеме поголем степен на финансиска дисциплина во наплата на јавните давачки. Не заборавете дека државата живее од јавните давачки. Значи, тоа е еден од оснвонит еизвори на средства.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Претставникот на Министерството за транспрот и врски најмалку треба да се занимава со тоа за што е загрижена опозицијата или не е загрижена. Нека не ја заборава својата позиција во поделбата на власта во Република Макеоднија и нека не дели лекции.

Значи , тоа што ние како пратеници од ВМРО го тврдиме во овие неколку дискусии е следново.

Јавна давачка во поглед на плаќање на обврските на сите граѓани во Република Макеоднија воопшто, а не само за јавниот радиодифузен сервис, да затоа се залагаме.

Јавна давачка за МРТ како јавен радиодифузен сервис во Република Македонија да но јасно изразена на сметката.

Уште еднаш ве потсеќам. На овој начин, со оваа интервенција Владата на Република Македониај нарушува еден исклучително политички процес кој се одвива во Република Македонија по однос на подготовките на законот за радиодифузија и по однос на програмата која веќе е упатена при Владата на Република Македонијаод страна на Македонската телевизија во врска со нејзината трансформација.

Ако досега како политички субјекти или како претставници на институции кои застапуваат одредени интереси како што е тоа случајот на МРТВ како прмател и давател на одредени услуги и приватните радиодифузни концесионери како даватели на услуги постои тој политички коректен процес во соработка со експерти на Советот на Европа, тоа е  Пактот за стабилнсот. Ова што сега Владата го прави со ова таканаречена преодна интервенција само ме упатува дека меѓународните институции кои реагираа ког аВладата се обиде да подготви закон за радиодифузија без притоа да консултира било кого во земјата, а најмалку опозицијата во Собранието, јас немам друг избор освен да констатирам дека СДСМ можеби се обидува да воспостави што е можно поцврста контрола врз медиумите во Република Макеоднија притоа користејки ги инструментите на Владата на Република Македонија како институција.

Зато апелирам да не го подржиме ова , бидјеки веќе е изразена јасна политичка определба во контекст и во поглед на радиодифузната такса, во поглед на трансформациајта на МРТВ како национален интерес и да  се потсетиме дека не е добро да се обезбедат пари од Буџетот на Република Макеоднија, затоа што министерот за финансии вчера така локвентно овде ни прикажа колклу милиони

евра тој заштедил. Значи било која интервенција, било каква друга давачка можеме да направиме со далеку посоодветно преодно решение до подготвување на Законот за радиодифузија.

Инсистирам да не дозволиме од незнам какви причини да нарушиме коректен политички процес кој треба да не доближи до европските стандарди кои ја регулираат сферата на радиодифузното организирање, контрола, емитирање на услуги и т.н. и т.н.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави г-дин Стојановски на заменикот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас ќе бидам среќен ако Владата се грижи за Електростопанството на Македонија, меѓутоа не на овој начин, на друг начин, затоа што на овој начин создава проблеми во наплатата на електричната енергија.

Се надевам дека после ова ќе извршите и една ревизија на сите оние корисници кои што плаќаат радиодифузна такса и оние лифтови, викендички, и за тоа треба да се води сметка.

Она што кажувате дека не е дел од основицата за пресметување на данок јас се прашувам како може да биде дел од ангажираната моќност која што влегува во основица, а посебно ја издвојувате само за пресметување на данокот.

И уште едно прашање, на кој начин ќе се наплати електричната енергија и радиодифузна такса доколку и во овој случај не се плаќа. Исто преку Управата за јавни приходи, која и сега е должна тоа да го прави, меѓутоа тоа што нема методи да го прави , тоа го немаше и претходно. Создавањето на поголеми проблеми на ЕСМ не се решава прашањето за наплата на радиодифузната такса.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

За реплика се јави Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Дури сега не разбрав ништо. После објаснувањето што беше , се рече дека радиодифузната такса ќе биде претставена во делот на ангажирана моќност и ќе се искажува истата вредност, не гледам која е причината повторно граѓаните со општа уплатница да уплатата она што значи електрична енергија како што беше и досега.

Ако вие кажувате како што го кажувате сега објаснвуањето. Сега беше по член 27 а по ова ќе биде по член 33 во давачките. Со тоа што променивме. Апсолутно ништо. Ако е прикажана колкава е цената на радиодифузната такса тогаш повторно се оделува од електричната енергија и повторно одиме во истата ситуација само прикажани во две ситуации, ангажирана моќност и едноставно прикажана такса како што беше и порано износот на радиодифузната такса и месецот. Не гледам апсолутно во вашето објаснвуање никаква промена. Нема никаква логика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Тука се надмудруваат опозицијата и позицијата, а исти се кога ќе дојдат на власт, меѓутоа мене ми смета една друга работа.

Ние се определивме за пазарни услуги на стопанисување, Устав, закони определба и сите чинители во државата било да се приватни субјекти било да се државни, јавни претпријатија на пазарот треба да се борат за своите успеси, за своите материјални придобивки и т.н. Тука ние сега правиме една привелигирана положба на една национална телевизија. И другите радиодифузни организации ги ставаме во далеку неповолна положба. Значи кога се работи на пазар се настапува со квалитет, со услови , со производи кои граѓаните, народот сака да ги купи. И радиодифузното емитување е роба. Како вие ќе го натерате гледачот, човекот, граѓанинот да гледа една телевизија или да слуша едно радијо, а има неквалитетна програма и тој не ја гледа таа телевизија, не го слуша тоа радио, ама мора да плати казна и за тоа што не го гледа. Светот нашол решение за тоа. Или тоа се финансира од Буџетот на државата, ама затоа пак другите радиодифузни организации, овде се работи за конкуренција која треба да постои имаат други олеснвуања. Националните телевизии не можат да емитираат реклами, да собираат по два три основа приходи , а па да не се борат да произведат производ кој ќе го гледа граѓанинот. Ние на МРТВ и наметнавме со закони да мора да емитува емисиина националности емисии кои што чинат многу повеќе отколку таа телевизија убира приходи. Ако тоа ние сме и го направиле тогаш тоа треба да го надохнадуваме со Буџетот , или на некој друг начин.

За мене не е прифатливо една телевизија да ги убира своите приходи на основ ана тоа што го нуди, на основа на тоа колку ќе биде гледана, а за тоа постоја ттехнички средства , за тоа постојат апарати, техника, електроника и т.н., а ако е таа гледаност и ако ја гледа тој човек треба да плаќа радиодифузна такса тој мора д аплаќа. Ако не гледа не можете со сила да го натератае да плаќа.

Јас го гледам тоа и ода спект на слобода на човекот, од демократски аспект од пазар на економија и т.н. Според тоа мора да размисли Владата д апредложи такви решенија кои практично сите субјекти ќе ги стави во рамноправна положба на пазарот, а исто така и овој субјект, како што е МРТВ да го одржи во живот , но со решенија кои значат и пазарни моменти и кои решенија ние сме ги наметнале како држава, како парламент, како Влада, како власт кој мораме да ги дотираме. Инаку, ако ја оставиме ваква ситуацијата каква што ни е сега, ние сега нема да зборуваме за 20 и кусур милиони евра загуба. Ума и 50 и 70 и 80, затоа што не се произведува квалитетен производ и граѓаните не го сакаат тој производ. Ако го сакаат производот тие ќе гледаат и ќе плаќаат, ама можеме ние со такви технички решенија тој што ја користел и гледал телевизијата во исто време и тоа да го плати. Не ние сега да го врзуваме тоа со елетричната енергија. Утре народот ќе каже исклучија, не ми треба ќе се вратам на ламбите, на газјата, па ќе го врземе со лебот, со водата, затоа што не може да не јаде и да не пие вода. Не се тоа решениај. Решениајта треба да ги бараме како светот што ги нашол тие решенија.. Имаме сиромашен нрод, многу беден народ, близу 80% од луѓето веќе се приближуваат кон границата на сиромаштијата и тука е проблемот. Проблемот е тие што имаат пари, тие што се во состојба да платат, тие плаќаат , не гледаат тоа дека ќе го плати и со струја и без струја и т.н. Пробелмто е длабоко пошироки така треба да го гледаме.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарма и јас.

Инаку има многу работи што граѓанит ене ги сакаат па мора да ги плаќаат. Пример сме ние пратениците. Анкетите покажуваат дека не не сака народот па не плаќа.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за радиодифузна дејност.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 53 за, 2 воздржано и 13 против.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојву апредлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 55 за, 1 воздржан и 13 против.

Констаирам дека е усвоен  предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на  закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правна комисија  поднесе амандмани на насловот на предлоготна Законот и на член 1 за менување на воведната реченица.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот  на законот поднесен од Законодавно-правна комисија .

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЗОРАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, амандманот станвуа составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на воведната реченица поднесен од Законодавно-правна комисија .

Со овој амандман се согласил повереникот на владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЗОРАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам. и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам , кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставм на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пратеници од кои 57 за, 2 воздржани и 11 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законто за радиодифузна дејност.

Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот за слободна трговија меѓу Република Макеоднија и Ромаија со Предлго на закон.

Има ли претставник на Владата за овој закон? (Нема).

Бидејки нема претставник на Владата минуваме на точката 17-Предлог за донесување на закон за ратификација на Шестиот дополнителен Протоколот на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предалгам да го усвоиследнито заклучок.

Собраието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Шестиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници од кои 66 за, и 1 против.

Констатирам дека заклучокто е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлгоот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот и предлогот на законот го ставма на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 71 пратеник и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Шестиот дополнителен Протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз.

Минуваме на точката 18- Нацрт на закон за заштита на културното наследство.

Нацртот на законот и извештаите на работните тела ви се доставени и поделени.

Отворам претрес по Нацртот на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор госпоѓата заменик на минситерот за култура Мелпомени Корнети.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ;

Закон кој денеска е во форма на Нацрт и јас би дала воведни напомени.

На територијата на Република Македониај се наоѓа богато културно наследство од најразличен вид и различен период на настанување кој од историски и културолошки аспект претставува израз и потврда на универзалните вредности што постоеле на овој простор, поради што една од примарните грижи на државата е чување и заштита на ова културно наследство.

Со цел за изградба на правен систем за заштита на културното наследство компатабилен со новиот уставенсистем, со меѓународнит едокументи и компаративните искуства Министерството за култура подготви нов закон за заштита на културното наследство.

Собранието на Република Македониај на седница во декември минатата година го усвои Предлогот за донесување на закон, ја задолжи Владата на Република Макеоднија да го подготви и да му го достави на Собранието на Република Македонија Нацртот на законот за културното наследство.

Со Законот културното наследство се утврдува како темелна вредност на Република Макеоднија, а неговата заштита како јавен интерес.

Културното наследство за заштита според неговото вредносно значење, ова треба особено да се назначи, значење и степен на загрозеност без оглед на времето, местото и начинот на создавање , или кој го создал и во чија сопственост и

владение се наоѓа, како и без оглед дали е од световен или регилиозен карактер и на која конфесија и припаѓа.

Со регулирање на односите на предложениот начин се усогласува материјата на заштитата на културното наследство со Уставот на Република Македонија, со Закон за култура како и прописите за урбанизам и градежништво и за инвестициона изградба со што се овозможува изградба на единствен национален систем на заштита на културното наследство.

Исто така материјата што се содржи во Законот односно во текстот на Нацртот на законот се усогласува со меѓународнис тандарди и нормативи за заштит асодржани во ратификуваните меѓународни договори, а со законот се утврдува и официјалната терминологија со правно значење на одредени законски изрази.

Норамтивна оснвоа за заштита на културното наследство е во врска со заштитата на културното наследство поради карактерот на самата материја и таа објективно не би можела да се уреди со еден закон, заради што рамка на системот за заштита на културното наследство ќе ја сочинуваат покрај законто за културно наследство и посебни закони од пооделни дејности односно видови и добра. Тоа се законите за музејска, за библиотечна дејност и закони за споменици и спомен обележја. Под закони од допирни области , подзаконски акти и предметите меѓународни договори и директиви на Европската унија.

Кои се целите што треба да се постигнат со донесување на овој закон?

Пред се се утврдува културното наследство како темелна вредност на Република Македонија, а заштитата се остварува задолжително на цела територија на државата.

Се нагласува одговорноста на државата, нејзините органи и институции, како и на единиците на локалната самоуправа во остварувањето на системот на заштита на културното наследство.

Се дава правен оснво за изградба и воспоставување на нова мрежа на специјализирани институции што ќе ја остваруваат заштитата како на национално така и на локално ниво, а одредени работи од заштитата ќе можат да ги остваруваат и приватни субјекти што е новина во овој закон.

Понатаму, се дава основа за донесување национална стратегија за заштита на културно наследство,с е втемелуваат современите стручни и научни стандарди за остварување на заштитата на културното наследство со што се обезбедува компатабилност на оваа законска материја со меѓународните системи на заштита.

Се создаваат предуслови за учество на јавноста во заштитата на културното наследство, на локалната заедница и можност за доверување за вршење на надележностите од оваа област на здружение на граѓани. Треба да се подвлече и воспоставувањето на начела на интегрирана заштита, што ќе обезбеди задолжително вклучување на културното наследсво во просторното и урбанстичкото планирање, со што воедно културното наследство ќе биде и фактор на одрживиот економски и социјален развој како една современа категорија во заштитата. Се очекува понагласена контрола, надзор и отчетност и восопоставување механизми за меѓународна соработка како едно од најефикасните средства за заштита на културното наследство од незаконски дејствија. Тоа е област која е посебно опширно разработена.

Овој закон поконкретно ќе ги уреди прашањата како што се предмет на законот, понатаму видовите на културно наследство во смисла на движно, недвижно, духовно културно наследство, понатаму категориите на културно наследство, а тоа се културно наследство од особено знажење и значајно културно наследство, понатаму посебни категории на заштитени добра како што се добра од привремена заштита,резервирана археолошка зона и културно наследство во опасност, инструментите на заштита под што се подразбира национална класификација на културното наследство и водење на национален регистер, начинот на прогласување на културно наследство, при што решение за привремена заштита и решение за прогласување на значајно културно наследство донесува управата.Тоа е еден посебен орган предвиден со овој закон, додека одлуки за прогласување културно наследство од особено значење и резервирана археолошка зона донесува Владата. Одделни духовни добра или недвижно добра што претставуваат споменична целина односно културен предел може да ги прогласи за културно наследство од особено значење Собранието на Републлика Македонија со посебен закон.

Исто така е разработен и системот на издавање дозволи за археолошки истражувања, понатаму заштитата на културното наследство преку просторни и урбанистички планови, непосредна заштита на културно наследство што се остварува преку конзерваторски истражувања, конзерваторски проекти, изведување на конзерваторско реставраторски работи, надзор, прием на изведените работи и на непосредна заштита, потоа поконкретно поспецифични прашања се размената, отстапувњето, изнесувањето и извозот на културното наследство, заштитата на ова наследство од незаконски дејствија, односно безбедносна заштита, заштита на

културното наследство во случај на вооружен судир и природни непогоди, една исто така понова категорија тоа е сензибилизација на јавноста односно развивање на протекторска или заштитничка свест кај населението. Потоа изградба на информативен систем за културно наследство, реституција на културното наследство, исто така едно актуелно прашање за кое долго се зборува, но сеуште намеме најдено форма или немаме резултати на тој план, понатаму права и должности на имателите, колекционерството и антикварниците, се регулира вршењето на јавни овластувања од страна на невладини организации од областа на заштитата. Стручните звања и инспекцискиот надзор и ревалоризација на споменициte на културата.

Во организациона смисла, значи во смисла на изведување, на вршење на работите регулирани со овој закон посебно значајно е順 изземањето на управите и со нив поврзаните стручни работи од надлежностите на стручните установи и нивно утврдување како надлежност на ресорните органи на државната управа. Според понудените решенија, Министерството за култура би требало да има зголемена и зајакната надлежност, како и зголемена одговорност за состојбите во оваа област, а таквата негова позиција во системот на заштита бара и соодветна организациона поставеност, преку формирање на управа за заштита на културното наследство како орган во состав на Министерството за култура, но и со својство на правно лице.

Во оваа смисла, следна клучна промена е раздвојувањето на спoените заводи за заштита на спомениците на културата и музеите во Охрид, Битола, Прилеп, Штип и Струмица, при што заводите за заштита на споменици на културата во овие општини, како и Градскиот завод Скопје би продолжиле со работа како конзерваторски центри со прецизно утврдено подрачје на дејствување, на стручна работа, а сегашниот Републички завод за заштита на спомениците на културата би се реорганизирал и би продолжил со работа како национален конзерваторски центар, како матична установа во дејноста на недвижното културно наследство.

Значајна новина претставува предвиденото формирање на Национален совет за културно наследство како советодавно и координативно тело со прецизно утврден надлежности и структура на неговиот состав.

Она што сега е актуелно и на што се обврнува внимание при подготовката на законските проекти, тоа е до кој степен и дали децентрализацијата ќе биде предмет на регулирање на овој закон. Би кажала уште нешто за тоа. Со Законот за заштита на културното наследство се предлага управните работи, како што рековме и со

неповрзаните работи да ги врши Управата како орган на Министерството, а непосредните работи на заштита на недвижно културно наследство конзерваторските центри. Нив исклучиво ќе ги формира државата.

Во музејската и библиотечната дејност, кои рековме дека ќе се регулираат со свои закони после овој, со прописите што се во фаза на подготовка е предвидено единиците на локална самоуправа да можат да основаат локален музеј односно библиотека. Иако со новата организациона поставеност на установите кои што ќе ја вршат заштитата не е дадена можноста единиците на локалната самоуправа да основаат јавни установи, со законот што го предлагаме нагласена е улогата на локалната самоуправа во неколку сегменти на заштитата на културното наследство. Така, со овој закон се предвидува единиците на локалната самоуправа и нивните органи и јавни служби да бидат одговорни за остварувањето на заштитата во рамките на надлежностите на овој и со друг закон. Исто така, одлука односно решение за прогласување на резервирана археолошка зона и за недвижно културно наследство се донесува по претходно прибавено мислење од единицата на локалната самоуправа, на чие подра!чје се наоѓа таа зона односно културно наследство.

Исто така, со овој закон е утврдена обврска на единиците на локалната самоупрва за да можат да иницираат и поддржуваат реализација на програми и проекти за интердисциплинарни и други специјалистички научни истражувања, чија цел е идентификацијата и проучувањето на штетните последици од загадувањето врз културното наследство. Во рамките на своите надлежности, единиците на локалната самоурпава преземаат и мерки за унапредување на квалитетот на животната средина во околината на недвижното културно наследство. Со законот е предвидено уште единиците на локалната самоуправа за вршење на работи на непосредна заштита на движно и недвижно културно наследство и други стручни работи од потесна специјалност од одреден вид да можат согласно закон да основаат локални установи, како што се ателјеа, работилници и сл.

Утврдените надлежности на единиците на локалната самоуправа во Нацртот на законот за заштита на културното наследство се во согласност со член 56 од Уставот на Република Македонија, членот 22 од Законот за локална самоупрва и Оперативната програма за спроведување на Рамковниот договор. Согласно член 56 од Уставот, предметите и објектите од особено културно историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна

заштита. Согласно членот 22 од Законот за локална самоуправа во областа на културата општините се надлежни за институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти и негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирањето културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми и творештва. Значи, тоа е потсетување за што се имаат надлежност локалните заедници.

Со оперативната програма за спроведување на Рамковниот договор во областа на заштитата на културното наследство не е утврдена децентрализација, нагласуваме, за разлика од другите дејности од областа на културата каде се утврдува поширока децентрализација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имаме долга листа на пријавени дискутанти по Нацртот на законот. Само ќе ве замолам сите, овој закон не знам од кои причини Владата во три фази го донесува. Да не ги повториме во сите три фази истите расправи од предлогот за донесвуање па нацртот и не чека уште една фаза, да не ги повторуваме дискусиите. Минатито пат се сеќавам дека цел ден одеше Предлогот за донесување на закон, сега според бројот на пријавени и расправата по Нацртот на законот ќе се одвива така.

Има збор господинот Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани присутни,

Пред нас е Нацрт-законот, кој со својата содржина , со решенијата што ги нуди е извонредно значаен за нашиот идентитет, за нашето историско минато и сигурен сум дека ќе ја добие целосно поддршката на Парламентот. И сега, овде можеме да застанеме и даречеме доста. Но бидејќи го носиме, како што рече претседателот, во три фази, никогаш не е доцна да се кажат одредени работи до крајот на неговото донесување.

Во оваа фаза од неговото донесување битно е да се договориме како ќе ја водиме расправата. Многу сериозна расправа се водеше во првата фаза. Кажано е дека како држава сме извонредно богати со културно наследство, со мултикултурно наследство како резултат на меѓусебно проткајување и меѓусебни влијанија на повеќе култури на ова подрачје. Кажавме дека Македонија имала богата историја и култура, но дека немала своја држава долго време и свои институции што биле

услов за разнебитување на се она што се создавало од ова подрачје. Но сепак успеала да сочува голем број експонати од културното наследство.

По овој повод должни сме да искажеме и констатираме две работи:
да им се заблагодариме на сите оние ентузијасти,би рекол пионери кои без соодветни услови успеале да се вградат себе си во истражувањето, прибирањето и зачувувањето на она што денес го имаме и ги краси нашите институции од оваа област.

((Претседателот Никола Поповски излезе од салата, а претседателското место го зазема потпретседателката госпоѓа Лилјана Поповска).

Го сочувале од забот на времето, од невремето онака како знаеле и умееле. Но исто така, да ги осудиме и да фрлиме анатема ако треба на сите вандалски постапки и непочитување на основните меѓународни договори, при што е уништувано, однесено, присвоено голем дел од нашето културно наследство, да посакаме тоа да ни се повтори.

Сега оваа генерација има особено значење и одговорна задача да создаде соодветни предуслови за ефикасна заштита на културното наследство. Тоа е наш долг и обврска, ако сакаме сегашното, досегашното и идните културни вредности како нови културни вредности да ги сочуваме за идните генерации. Впрочем, секоја генерација има обврска да го сочува културното наследство и културните вредности на своето време не за да ги отргне од заборавот, туку на идните генерации да им остави сведоштва за еден изминат пат.

Чувсвувам задоволство што работниот тим во подготовките на Нацрт-законот за заштита на културното наследство, што денес е пред нас, доста сериозно, аналитички и компарирано со претходната состојба успешно ги брани сите предлози и нови сознанија што беа предмет на расправа во првата фаза.

Ова е прв закон од областа на културата што се носи непосредно, само неколку дена по донесениот закон за култура. Тоа е голема предност, уште повеќе ако се знае, барем така бевме информирани дека е работен скоро напоредно со него. Но во секој случај добро е и што во оваа фаза од донесување, а се донесува во три фази да се обрне уште внимание на некои финеси што би требало да бидат компатибилни со Законот за култура.

Денес слушнавме од заменикот министер дека сите тие работи на некој начин се избалансирани. Предложениот Нацрт-закон создава неопходна правна рамка за оживотворување на уставната концепција за заштита на добрата од културата и историското значење. Така, за прв пат, наместо постојниот систем за заштита на споменици на културата придружен од парцијални и селективно поставени за одредени времиња и видови и за одредени добра, сега се настојува да се создаде единствена заокружена и поврзана правна целина, систем на заштита на културното наследство.

Во предложениот закон значајно место се дава на прашањето на законската терминологија и нејзиното правно значење, со што ќе се надминат присутните проблеми од терминолошка природа. Мислам дека тоа е многу значајно бидејќи досега навистина имавме големо шаренило.

Особено внимание се посветува и на комплексот прашања наречен “инструмент на заштита” и сите тие фази на него. Така, како значајна новина со која ќе се олесни идентификацијата преку постоење на официјално национална класификација на културното наследство. Покрај тоа, се предвидува напуштање на постојниот начин на регистрација на заштитените добра со воведување на порационално сублимирано решение Национален регистар на културното наследство. Би рекол значајно место во понудениот концепт се дава и на правниот институт “прогласување”, за кое беше доста кажано во излагањето.

Новиот национален модел на заштита, прогласувањето ќе има неколку појавни облици, кои што произлегуваат од самите уставни решенија и од ратификацијата на меѓународните договори. Така, според категоризацијата ќе егзистираат како добра како значајно културно наследство или како културно наследство од посебно значење.

Почитувани присутни,

Кога во почетокот спомнав дека сепак е неопходно усогласување со штотуку донесениот Закон за култура, сметав на следното. Потребно е компатибилно да се постават односите содржински и условено заедно со она што е кажано во самиот Закон за култура. Националната програма, на пример за култура, која ја утврдивме дека ќе ја носиме на 4 години и сега овде е истакната национална стратегија за заштита и користење на културното насленство, што ја донесува, пак, сега се предлага Владата на Република Македонија, со Предлог на Националниот совет за култура, би требало да се донесува на период како што се предлага на 20

години, со долгорочна основа на политиката на заштитата на користењето на културното наследство. Колку заедничко и обусловено треба да има меѓу овие два документи. Многу значајно прашање, за кое што мислам дека бидејќи се штотуку донесени односно не се донесени и би требало дури во иднина да се решава кое прашање каде треба да се регулира.

Законот за заштита на културното наследство предвидува повеќе значајни институции, на пример, од национален карактер и со тоа како да оди чекор напред, пред она што треба да го утврди Националната програма за култура, во која ако се сеќавате пред некој ден се утврдуваат насоките за развој на мрежата на националните установи. Така, таксативно сега предлагаме, се предвидува Национален совет за култура, Управа за заштита на културното наследство, установи за заштита на културното наследство и други надлежни овластени субјекти за заштита на културното наследство. Претежно сите со белег национални. Дали однапред веќе не ги кажавме со овој закон кои се националните институции, уште пред да биде донесена Програмата за национална култура.

Потребно ќе биде во завршната фаза да се усогласат, особено, некои надлежности меѓу Управата за заштита на културното наследство и установите за заштита на културното наследство и покрај тоа што за нив ќе се носат, како што сами знаете постојат и посебни закони. Да речеме, Архивот на Македонија како институција во која што во овој закон се предвидени голем број на прашања. Меѓутоа, една од основните негови задачи, инспекцијата овде ја нема. Се вели дека ќе се донесе во законот, меѓутоа, инспекцијата е основниот фактор што всушност би значела заштита.

Во завршната фаза на изработка на предлогот на законот, по мене, ќе биде потребно да се посвети внимание на уште неколку прашања. На пример, во членот 9 во истакнатиот денеска нацрт, да се испита можноста за додавање точка 4, што сигурно можеби ќе биде предмет во завршниот текст Предлог закон, со следната содржина. Културно наследство надвор од земјата, а кое е од македонска провициенција, како грижа за негова заштита. Тоа како да ни е некаде таму избегнато. Во членот 96, покрај добро разработената институција, како да не се гледа сукцесијата, особено да речеме, на архивската граѓа. Да се има предвид следното. Државите, кои фактички настанаа по распаѓањето на Југословенската федерација секојдневно се среќаваат со проблемот околу нормалната функција на самата држава по оние прашања, кои претходно биле регулирани на ниво на

Федерација. На пример, граници, пловидба, геолошки истраги и слично, а за кои нашата документација е во Архивот на Југославија тешко достапна. Затоа, е потребно да се утврдат минимум активности за сукцесија на архивската граѓа како движно културно наследство, при што да се почитуваат најмалку два принципа. Принципот на функционална перфиненција и принципот на провиниенција. Според мене и прашањето духовно културно наследство разработено доста во точката 1.3, во членовите 22, 23 и 24 како да недостасува уште нешто. Тука се само фолклорните добра, јазикот и топонимите. Сметам дека тука треба да се прошират и некои други видови духовно наследство, што сигурно во конечниот текст ќе успееме и да ги предложиме.

Не можам да завршам, а да не истакнам уште едно согледување што за мене во овој момент е доста актуелно. Иако и досега во режимот на користењето на културното наследство, особено во користењето, пак ќе спомнам, на архивската граѓа и документацијата за научни цели, постојат сериозни решенија досега, сега тоа се предлага уште посериозно и поодговорно, меѓутоа, не можам да ги сватам некои нови помодарства од поново време за пишување на мемоари на некои наши врвни до вчера видни функционери, врз исвори кои сеуште се вон сверата на користењето или би можеле да се користат со посебно одобрение на имателот, Собранието, Владата, министерствата. Не знам дали претседателот на Собранието има дадено согласност за пишување на мемоари дури и за текстови што се значајни за работа на Собранието од претходните претседатели. Мемоари се пишуваат со историска дистанца. Мемоари не се пишуваат за она што денес го знаеме. Мемоари се пишуваат за сеќавања, за нешто што е подзаборавено и за еден период многу подалечен. Во овој момент, ми се чини, мемоари за живи настани во кои се донедуваат во прашае и исказите на државни и наши и странски делегации, мислам дека не е уште време за таа работа. Во прашање е дигнитетот, тајноста на документите, достапноста на документите и на политиката и на личностите и нивниот интегритет.

Мислам дека по ова прашање треба да се има еден јасен став. Не можат документите на Собранието или на одредени тела на Собранието или на одредени министерства итн, да бидат ставени на користење без за тоа да има одредена законска процедура.

На крајот, да спомнам само уште нешто. Овој закон изгледа ќе треба да ги усогласи и прашањата на стручните звања онака како што ги предвидува и Законот за култура.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има госпоѓа Ганка Самоилова Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВА ЦВЕТАНОВА:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Јас многу накусо само сакам да кажам дека го поздравувам донесувањето односно воопшто изготвувањето на Законот за заштита на културното наследство. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи. Во секој случај укажувам на неопходноста и од потребата на неговото донесување. Но, она што сакам да го потенцирам во овој момент е начинот на изготвувањето и донесувањето до оваа фаза, што ја имаме денешната фаза односно Нацрт на законот за заштита на културното наследство. Посочувајќи го како пример на кој треба да се донесуваат законите во Република Македонија со еден исклужително сериозен пристап, со консултирање на стручната јавност, на целокупната јавност. Имено, Министерството за култура се јави кака нарачател на овој закон во 2001 година и како изготвувачи на овој закон беа ангажирани исклучително значајни експерти од обласата на заштитата на културното наследство, не само во обласата на заштитата, туку и во обласата на легислативата за заштитата на културното наследство. Истовремено имаше еден интерресорски пристап, значи беа консултирани и релевантни фактори од министерствата, кои ја третираат и имаат допирни точки со заштитата со културното наследство. Би сакала да ја потенцирам транспарентноста при изготвувањето на овој закон, што значи дека беа организирани јавни расправи и целокупната македонска јавнос и стручните лица од обласата на заштитата на културното наследство имаа можност преку тие јавни расправи да бидат информирани од страна на изготвувачите на законот, што всушност предвидува со овој закон и обратно. Значи, изготвувачите на овој закон имаа можност да ги слушнат забелешките на нивните колеги, од кои делумно беа имплементирани во самиот Закон за заштита на културното наследство. Во меѓувреме беше направена и една компаративна анализа со сродното законодавство од земјите од Европската унија.

На крајот, завршувајќи, ќе кажам дека ние апсолутно го поддржуваме и укажуваме на неопходноста на овој закон и укажуваме на начинот на кој треба да се донесуваат вака исклучително значајни закони, односно закони кои третираат исклучително значајни теми, па и од национален интерес, а не како што деновиве имавме можност да видиме дека се донесуваат значајни закони по скратена постапка.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседателки, колешки, колеги пратеници и претставници на Влада,

Мојата професионална област воопшто не е културата, меѓутоа потекнувајќи и поминувајќи го целиот живот во градот Охрид, кој ние сите милуваме да го наречеме ризница на културното богатство на Македонија, не можам а да не останам надвор во дискусиите на овој нацрт закон. Пред се, би сакала да кажам некои свои размислувања околу овој нацрт. Неодамна во Охрид се отвори Охридско лето, познато Ви е на сите со Одата на радоста. Се надевам дека овој законодавен дом, овој пат навистина ќе напише Ода на радоста за културното благо на Македонија, а Македонија е една мала земја која е премногу мала за толку големо културно богатство, колку што го имаме.

Посебно би ја поздравила постапката во која се донесува овој закон и мислам дека тоа е вистинскиот пат за донесување на вистина квалитетни решенија, кои ќе излезат од овој законодавен дом и апелирам сите законски решенија, поготово кои третираат вакви проблеми од поширок интерес да се донесуваат во вакви постапки, а не да ни се случува во скратени постапки брзоплето да донесуваме законски решенија, кои потоа скапо ќе не чинат.

Мислам дека законските решенија што се понудени во нацртот се навистина издржани и дека ќе донесат квалитетен закон, меѓутоа, еве да се изразам, забележав некои дисонантни тонови кои би сакала да ги кажам да ги слушне предлагачот и доколку има место за размислување да се реагира.

Во одделот, пред се, да кажам дека за прв пат по овој нацрт закон нормативно се воведува категорија духовно културн онаследство. Секако, тоа е новина која е прифатлива, но сум на мислење дека е потребно поконкретно да се

регулира оваа категорија односно да се допрецизира заштитата на ова духовно културно наследство. Исто така, би рекла дека културното наследство е една недделлива категорија и целокупното културно наследство претставува национален интерес. Оттука, сите институции кои се грижат за културното наследство, дали тоа е недвижно или движно духовно треба да имаат национален статус. Тоа е моето мислење.

Понатаму, во одделот 11 се дадени норми за можност за користење на културното наследство по пат на концесија. Во членот 116 се предвидуваат услови кои треба да ги исполни концесионерот. Во ставот 3 е предвидено како услов и програма за ревитализација и план за управување со недвижното добро, кое е предмет на концесија. Би можело тука да се размисли и за една обврска за чување т.е. начин на чување можеби во вид на план на културното добро кое се дава под концесија односно концесионерот да размисли и да даде план како би го зачувал културното добро кое ние му го даваме под концесија. Секако, со тоа би го заштитиле од оштетувања и би го задржале во една добра кондиција.

Понатаму, не се согласувам со алтернативата која е предложена за член 147, мислам дека овој член треба да остане, да не се брише. Исто така, нешто би рекла околу одделот за реорганизација на заводите за заштита на спомениците на културата. Мешовитите институции од областа на заштита на музејските дејности, заводи и музеи во градовите Охрид, Битола, Прилеп, Струмица и Штип, мислам дека треба да ги задржат ингеренциите на музејската дејност со регионални овластувања, а тоа подразбира грижа, нормално тоа е така секаде во светот, според моите сознанија, грижа за недвижното и движното културно наследство од истражувачка постапка до презентација на споменичното богатство. Не се сложувам со подвојувањето на посебни конзерваторски центри, затоа што мислам дека заводите за заштита на спомениците на културата сосема добро функционираат и подвојувањето на посебни конзерваторски центри, би ги искомплицирале работите. Сум на мислење дека треба да останат организациски онака како што досега се поставени, затоа што искуството покажа дека добро функционираат. Исто така, би ги избегнале тука проблемите околу стручните лица кои се ангажирани во овие заводи, кои работат таму, кои се оспособени, кои знаат, кои ги разбираат конзерваторските работи, меѓутоа и работите за презентација на ова културно благо.

Уште би забележала околу казнените одредби кои се предвидени. Мислам дека казнената политика што е предвидена овде е преблага, според мене,

затоа што мене ми се свежи сеќавањата за многу оштетувања на бројни културни блага од секој вид, кои засекогаш на некој начин оштетени трајно или загубени и мислам дека предлагачот во делот на казнените одредби уште еднаш би требало да размисли, да понуди построги казни, како би на некој нажин превентивно делувале од понатамошни оштетувања или загуби на ова богатство, кое ние секако треба да го сочуваме. Вака, тоа би биле некои мои видувања околу нацрт законот. Нормално, би била среќна ако за дел од нив предлагачот размисли, а секако дека на повидок сме да донесеме добро законско решение и да го заштитиме културното благо на Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г. Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници и членови на Владата,

Во текот на вековите во Македонија е создадено огромно културно историско наследство и тоа движно и недвижно. Движното културно историско наследство, во прв ред книжевното и уметничкото, а тоа се средно вековните ракописи, иконите и уметничките предмети во голема мера се уништени и разграбени од разни собирачи, патешественици и ненародни режими и денес оние што се грабнати се наоѓаат во големите светски библиотеки, музеи, академии, галерии и слично, како траен македонски културен влог во светската култура и наука. Тие обично се прикажуваат како српски, бугарски или грчки, но сепак, доѓаат научно - културно работници кои што објективно го прикажуваат македонското културно историско наследство настанато на македонските простори.

Недвижното културно историско наследство во Македонија, а тоа се во прв ред црквите, манастирите, џамиите, кулите, теќињата, мостовите и другите архитектонски објекти обично страдале за време на војни, а тие во Македонија биле редовна појава и за време на разни политички или етнички антагонизми, што за жал, и денес се присутни во нашите македонски простори.

Во минатото кога Македонија не била посебна држава и немала свои институции, кои ќе се грижат за своето културно историско наследство пропаднале и

отишле во неповрат многу вредни културно историски споменици. Со создавањето на Македонската држава отпрво во федерација со Југославија, а од 1991 година во самостојна држава, се создадени поволни услови, институции кои што се грижат за своето културно историско наследство. Сепак, иако во самостојна држава, македонските власти досега не покажаа доволна грижа за своето културно историско наследство. Прво, немаше добра законска регулатива за заштита на културно историското наследство. Второ, не се вложуваа доволно материјални средства во зачувувањето и заштитата на своето културно историско наследство.

Овде со задоволство сакам да го истакнам фактот дека во периодот на претходната Влада се покажа поголем интерес кон обновувањето и заштитата на своето недвижно културно историско наследство, како што е Самоиловата тврдина, Свети Климентовиот Храм, Амфитеатарот во Охрид, како и други помали објекти. Мислам дека со такво, па дури и посилно темпо треба да се продолжи обновувањето и заштитата на своето културно историско наследство, што е долг на сегашната наша генерација, од идните поколенија кои што доаѓаат понас, ако сакаме да не не колнат и потценуваат како некадарни и несвесни, зашто културното историско наследство е чест и гордост на секој народ.

Нацрт законот за заштита на културното наследство што ни се нуди денес на разгледување, дава убава можност да укажеме дека таков закон е неопходен и дека треба што поскоро да го донесеме. Општо погледнато овој Нацрт закон дава детален преглед на културното наследство и детална законска регулатива, што по мое мислење заслужува внимание. Со него се доближува нашето законодавство во поглед на заштитата на културното наследство кон европското, а тоа се и нашите генерални интенции. Но, како и секоја работа и овој Нацрт закон има добри и лоши страни. Наша цел е да укажеме и на добрите и на лошите. Се разбира, лошите да се отстранат и законот да се подобри.

Прво, морам да укажам дека овој Нацрт закон е детален, но и многу гломазен. Се навлегува во непотребни детали што го оптеретуваат, така што во некои случаи го губи главното во однос на споредното. Еве на пример, составувачите на Нацрт законот на неколку страници ни објаснуваат што е категоризација, што е валоризација, реконструкција, конзервација и други слични работи. Мислам дека во закон такви работи се непотребни и треба да се исфрлат.

Второ, недоволно е регулирана институцијата, т.е. меѓународните законски норми, усогласени со нашето законодавство во однос на враќањето на

нашето културно историско наследство кое е одземено, поточно грабнато во ненародните режими, војните, грабежите и слично.

Трето, во однос на терминологијата се отфрла досега усогласениот термин за врвното културно историско наследство кое се прогласуваше за споменик на културата. Сега текстописецот на Нацрт законот нуди термин културно наследство со особено значење. Мислам дека со овој термин не се постигнува ефектот во одредувањето на значењето на културното наследство и од практични и од традиционални причини. Текстописецот изгледа дека голема желба имал да даде нешто ново, па се дрзнал да посегне и по она што се вели традиција и навика. Кај нас веќе е создадена традиција за она што е највредно да се именува како споменик на културата, па дури мермерни или метални плочки се имаат вградено во манастирите, црквите и џамиите со свои спомени на културата. Сега, според овој Нацрт закон ќе треба да се вадат овие натписи и да се стават нови во кои ќе пишува: овој манастир или црква или џамија е културно наследство со особено значење. Мислам дека тоа е непотребно. Значи, предлагам да си остане старата терминологија што е прифатена од широките народни маси.

Сличен е случајот и со библиотечните и музејските материјали. Сега се именуваат како библиотечни или музејски добра. Јас предлагам да си стојат библиотечни материјали или подобро библиотечни фондови, затоа што никој негде во светот не вели, толку библиотечни добра има таа и таа библиотека, туку колкав книжевен фонд има, или музејски добра, наместо музејски материјали, експонати или фонд. Едноставно, според старата терминологија т.е. предлагачот на Нацрт законот го именува архивскиот материјал со архивска граѓа, што мислам дека тука треба да интервенираат јазичните лектори, затоа што граѓа е српски збор што на македонски значи материјал. Мислам дека Нацрт законот треба да се даде на добар јазичен лектор кој добро јазично ќе го исчисти и стегне. Тоа е неопходно ако сакаме да имаме добар закон за културното наследство. Мислам дека подготвувачите на Нацрт законот треба да ги консултираат стручните лица во културните институции за усогласување на соодветната стручна терминологија, како би се дошло до најсоодветна и најприфатлива терминологија.

Четврто, во Нацрт законот се предлагаат посебни институции за заштита на културното наследство. Мислам дека тоа е дополнително оптеретување на и така малиот буџет предвиден за заштита на културното наследство. Затоа предлагам заштитата да се обавува во постојните културни институции, како

музеите, библиотеките и слично, каде што постои и соодветен кадар, а таму каде што нема да се создаде, но во склоп на постојните културни институции.

Петта забелешка на Нацрт законот е недоволната прецизност. Редовна појава е кога се набројува, на пример, некои критериуми или слично, на крајот, наместо точка да се става и друго, или друг закон што дава можност се и сешто да биде опфатено со терминот и друго, или друг закон. Треба да се каже кој закон. Во законот треба прецизно да биде одредено, се разбира, тоа не се големи пропусти, но понекогаш ситниците одлучуваат за битни прашања. Затоа, мислам дека Нацрт законот треба серизоно да се разгледа и допрецизира. Впрочем, за тоа има и време, само треба да се има и расположени, а мислам дека има и сугурен сум дека на есен ќе имаме подобар Нацрт закон за културното наследство и позитивно ќе го оцениме и разгледаме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има госпоѓа Роза Топузова-Каревска. Повелете.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Почитуван потпретседателке, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Денес кога имаме можност да расправаме по Нацрт законот за културно наследство уште на самиот почеток дозволете ми да го изразам моето задоволство што на овој закон кој треба правно да регулира една сеопфатна суптилна материја му се придава третман каков што и заслужува односно се наоѓа во собраниска процедура која се состои од три фази. Ова го нагласувам имајќи го во вид фактот, што нашата земја од праисторијата до денес била средиште на голем број историски и културни збиднувања кои ни оставиле едно извонредно богато, непроценливо и за многу поголеми земји од нашата недостижно културно наследство, поради што неминовно ни се наметнува потребата, па и обврската од донесување на сериозно подготвен закон со кој ќе биде утврдена правната рамка за отпочнување на процесот на реформите во системот на заштита на истото.

Обемноста на Законот на која што и пред малку имавме забелешка од пратеникот Михајло Георгиевски се наложува поради тоа што тој безрезервно мора

да даде правни можности, оваа проблематика да се постави на цврсти основи усогласени со новиот општествен и правен систем како и со оперативните потреби за заштитата на многубројните археолошки локалитети, тврдини, цркви, манастирски комплекси , објекти од исламската архитектура, фрески, икони, музејски експонати, стари ракописи, архивски материјали, кинотечни фондови и друго.

Почитувани пратеници,

Сега кога сме во фаза на расправа по Нацрт законот за културно наследство, сакам да ја потсетам македонската јавност дека и по толку години македонска државност, за жал ние сеуште немаме закон кој сеопфатно ја регулира оваа сфера туку се досега била третирана со поединечни закони и акти при што не се постигнала општата цел, соодветна заштита на севкупното наше богато културното наследство. Ова само го покажува нашиот неодговорен и несериозен однос кон културата и нашата историја, која само да потсетам, се два стожери врз кои се темели постоењето на државата и нејзиното идно опстојување. Со соодветен третман на заштита на културното наследство ќе се овозможи Република Македонија да се вброи во државите кои имаат сериозен стручен и високоцивилизиран однос кон овие прашања, кои се од непроценливо значење за сите нас.

Впрочем, како што претходно споменав, иако оваа материја била регулирана со многуте закони кои се однесуваат на заштитата, чувањето и користењето на различни видови добра со културно и историско значење, донесени последниве десетина години сеуште останале нерешени многу суштински прашања од оваа проблематика . Овде ќе наведам само некои од нив.

Имено, во Република Македонија до денес не се водат специјални национални инвентари, картотеки и листи кои произлегуваат како обврска од ратификуваните меѓународни договори. Сега, со предложениот Нацрт на закон оваа материја во целост се регулира со членот 43. Според законот од 1973 година како обврска е утврдена само евиденција на културните добра со статус на споменик на културата, при тоа занемарувајќи го останатото недвижно, движно и духовно културно наследство. Во праксата пак состојбата е уште поалармантна. Имено, надлежните заводи до сега воделе незадолжителна и методолошки неусогласена евиденција, која пак во последниве неколку години во целост била блокирана. Со овој закон не само што се регулура оваа материја, туку и децидно се разграничува водењето на основна матична и централна евиденција јасно дефинирана со членот

32, а регулирана со членовите од 145-148 како и со членот 153. Со постојните закони не била утврдена обврска за задолжителна евиденција на дисперзираното културно наследство по потекло од нашата земја, со што во значителна мера би се олеснил процесот на реституција. Токму поради неодговорниот однос кон културното богатство кое со децении било изнесувано од нашата земја и е сместено во музеите на други држави, сакам да нагласам дека членот 97 од овој закон не само што треба да претрпи одредени измени, туку неопходно е час поскоро да почне да се применува. За движното културно наследство во сопственост на граѓаните, верските заедници и другите правни лица и покрај настојувањето од надлежните организации до сега скоро да не се водеше никаква евиденција. Со овој закон со низа членови од 128 па се до 140 се дефинираат правата на имателите и воедно се стимулира нивниот позитивен однос кон културното наследство, а нивните обврски се конкретизираат во зависност од видот и значењето на добрата кои ги поседуваат. Во истовреме се посветува особено внимание на нивната заштита и начинот на користење. Со членот 91 од законот за прв пат се уредуваат односите во врска со колекционерството и работата на антикварниците со што ќе се овозможи валоризација на културните добра и ќе се стави крај на злоупотребата од поединци. Една од новините е и создавањето на правен однос за користење на културното богатство по пат на концесија регулирано со членовите од 115 и 119 од овој Нацрт.

Со жалење морам да констатирам дека кај нас сеуште не постои официјална национална класификација на културно наследство со што би се олеснила и идентификацијата на предметот на заштита. Ако кон сето ова се додадат и со години напластените недоречености при археолошките истражувања, поготово по завршување на истите при што не се водеше сметка за конзервација на откриените објекти и нивното оставање на забот на времето како и нивната необезбеденост, уште повеќе станува јасна и неодминлива потребата за донесување на овој закон. Целокупната оваа материја, што значи заштитата и методологијата за извршување на археолошките истражувања доста совесно и со високо ниво на стручност е регулирана во четвртата глава, односно со голем број на членови, почнувајќи од 48 до121.

Една од најалармантните појави која ни се случува во последниве десетина години се недозволените илегални ископувања со цел да се присвојат предмети од археолошко значење, како и случаи на недозволена трговија и криумчарење на движни културни добра. Предмет на напад најчесто се

археолошките локалитети за кои не е утврдено својството споменик на културата, а со посебен интерес за некрополите кои претставуваат ризница на движно културно наследство. Оваа материја соодветно сега, за прв пат е регулирана со членовите 99, 100, 101 и 102. Но, секако овдека ни е потребна помош и поголема соработка со органите при Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, мене уште повеќе ме загрижуваат криминалните дејствија врз заштитените археолошки локалитети од кои не само што се присвојуваат предмети со статус на културно богатсво туку и им се нанесува непроценлива штета на самите локалитети, како што е случајот со нашите многу значајни локалитетите Вардарски рид, Исар (с. Марвинци), Градиште (Дебреште), Скупи итн.

Со овој Нацрт закон, со членовите 165 и 169 се предвидува позасилен инспекциски надзор и поригорозни казнени одредби, како за сторителите на овие криминални дејствија, така и за овластените лица кои работат во институциите. Ова особено е значајно ако се има во вид податокот за големиот број на кражби од сакралните објекти и мистериозните неразјаснети кражби од музеите од кои овде ќе споменам само неколку позабележителни случаии како што се украдените стотина монети од Музејот на Македонија. Набргу потоа бевме соочени со по две кражби од музејските збирки во Битола и Струга, кражбата во Тетовскиот мзеј и други, или вкупно само во досега нерасветлените случаи биле украдени 540 движни културни добра.

Почитувани колеги,

Зачувувањето на културното наследство како општо цивилизациска вредност, почитувана и негувана во современиот свет, ќе овозможи и развој на културниот туризам за што имаме извонредни предуслови, но мораме да си признаеме дека ни недостасува добар менаџмент во оваа област. Соодветно заштитеното и презентирано културното наследство побудува голем интерес кај современиот свет, од што сметам дека нашата држава би можела да има повеќекратна полза. Кога велам полза, не мислам само на готови пари кои би се слеале кај нас, туку и на промовирањето на нашата држава пред светската јавност, преку вистински високи културни вредности и богатства кои ги поседуваме. Добросочуваното и стручно заштитено културно наследство во општество кое има високоцивилизиран однос кон ова прашање, ќе овозможи и отворање на меѓународните фондови и програми кои ќе имаат волја и интерес да инвестираат во презентација на нашето културно наследство.

Кон сето ова мора да се додаде и хармонизацијата на овој закон со европското законодавство, како суштински дел од нашите генерални аспирации за членство во Европската унија. Имено, апсолутно е за поздравување имплементацијата на директивата и регулативата на Европската унија која се однесува на еден мошне сензитивен сегмент во однос со културното наследство, како што е извозот на културните добра од државата како и за враќање на незаконски изнесените репрезенти од нашата културна ризница. Сметам дека ова се два исклучително битни елементи за заштитата и зачувивањето на културното наследство како дел од нашата историја. Впрочем, да се биде дел од Европа не значи само силна, високоразвиена економија и стандард, туку и многу други придобивки меѓу кои особено се издвојува заштита на културното наследство, а со тоа и грижата за нашето минато, како значаен дел и од европскота историја.

Она што особено би сакала да го потенцирам е дека со овој закон конечно ќе се воспостави институционална инфраструктура во оваа сфера на културата, ќе се воведе ред и со тоа ќе се овозможи заштитата да го добие соодветното внимание и третман од државните институции. Во овој контекст особено би сакала да ја потенцирам и поздравам иницијативата за формирање на Управата за заштита на културното наследство. Ваквата Управа во склопот на Министерството за култура ќе овозможи еден дополнителен импулс во заштитата на културното наследство. Со нејзиното формирање, статусот на правно лице, со зголемена надлежност и одговорнопст за состојбите во заштитата на културното наследство, ќе се овозможи еден систематизиран, добро организиран и централизиран систем во овој суптилен сектор кој не трпи никакви импровизации. Надлежностите на Управата се регулирани со членовите 143, 144 кои содржат голем број на алинеи кои ја конкретизираат нејзината работа. Тука би сакала да истакнам дека поставеноста на конзерваторската и музејската дејност во една институција е прашање кое е доста контраверзно и кое во јавната расправа ќе предизвика доста спротиставени мислења. Сепак, иако по ова прашање се уште се дебатира во стручните кругови, ми делува прифатливо, поготово правејќи компаративни согледувања со останатите земји кои досега и посветуваат доста внимание на заштитата на културното наследство на одвојувањето на конзерваторската од музејската дејност кои досега се кумулирани во заводите за заштита и музеите. Особено што со ваквиот пристап би се реорганизирал сегашниот

Републички завод за заштита на спомениците во национален, конзерваторски центар кој би продолжил со работа како матична установа во дејноста на заштитата.

Со оглед на тоа дека заштитата на културното богатсво е дејност за која е потребна висока стручност и заштитеност од дневно политички потези и маркетинг, особено ја поздравувам идејата за формирање на Национален совет за културно наследство. Сметам дека ова тело мора да воспостави висок морален и професионален кредибилитет, со што ќе се овозможи сериозен високостручен пристап кон заштитата на културното наследство. Со ова покрај другото, Република Македонија ќе ги исполни и препораките на меѓународните документи од оваа област.

Една од новините кои ни се нудат со Нацртот е дефинирањето и заштитата на духовното богатство. Издвојувањето на ова наследство, поготово третманот што му се дава е многу значајно во време кога се соочуваме со запоставување на традиционалните вредности како фолклорните добра, обичаите, народните умотворби, старите занаети и ако вака се продолжи им се заканува опасност од целосно исчезнување.

Поднесениот Нацрт на овој закон овој значаен сегмент од културното наследство се дефинира со членовите 22, 23, 24, а неговата заштита се регулира со членот 98.

Уште нешто што сметам дека е значајно и се регулира со овој закон и сосема накратко ќе се задржам е заштитата на културното наследство од специфични закани, како што се воените судири и елементарните непогоди. Вооружаниот судир за жал, кој ни се случи пред две години ни нанесе непроценливи штети во сите сфери на живење, вклучувајќи го и уништувањето на културното богатство кое со векови опстојувало на овие простори, ни беше опомена за нашата неподготвеност за зачувување на културните добра во такви несакани ситуации. Во овој контекст би ја потенцирала нашата неспособност да се носиме со ситуацијата како во текот на конфликтот, така и по неговото завршување. Непостоењето на јасно дефинирана законска рамка веројатно придонесе за неснаоѓањето во наметнатата состојба, при што надлежните институции покажаа недоволна компетентност за да одговорат на обврските кои ги наметнуваат меѓународните стандарди и конвенциите во оваа област.

Иако не посаскувам ова повторно да ни се случи, сепак дека овој Закон преку членовите од 103 до 107 јасно ги дефинира и ја регулира оваа материја.

Почитувани колеги, иако пред нас се наоѓа еден закон подготвен со висок степен на стручност и одговорност, сепак ќе констатирам дека во одредени сегменти има простор да ни се понудат подобри решенија, кои се надевам дека ќе произлезат и од јавната расправа. Моите конкретни забелешки ценејќи го времето, а и во прилог на конструктивноста на излагањето ќе ги доставам во писмена форма. Сепак, овде би сакала сосема кратко да се осврнам на предложените одредби во осмата глава од Законот која се однесува на стручните звања со посебен акцент на членовите од 160 до 164 со кои се регулираат изборните стручни звања. Имено, условите кои треба да ги исполнуваат кандитатите за стекнување со вишите и советничките звања каде од една страна се предвидува магистратура, односно докторат, а од друга пет години работно искуство според мене се крајно несериозни, поготово ако сеземе во предвид членот 163 со кој се регулира постапката за избор и преизбор. Наместо да се почитува институтот оглас кој мора да признаете е сепак најдоследен начин за избор и реизбор, овде ни се нуди решение за преизбор за избор во стручно звање да поведе барање заинтересираниот стручен работник уште понесфатливо е да се формира рецензиона комисија од лица кои што го имаат истото звање, ако сме сведоци на она што до сега ни се случуваше, кога многу субјективно се одлучуваше при доделувањето на овие звања.

Исто така, сериозни забелешки имам и на казнените мерки што овде и претходно беше изречено, предвидени со член 170 кои и според мене се преблаги и несодветни во однос на штетите кои им се нанесуваат на културните добра, а со тоа и на нашата историја во целост. Особено имам забелешка на ставот 1 алинеја 3 од истиот член, со чие непочитување им се нанесувааат непроценливи штети на локалитетите, каков што беше случајот со вандалското уништување на локалитетот “Маркови кули” и не само што неповратно се изгуби дел од нашето културно богатство, туку за овој потфат изведен во маркетингшки цели во предизборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ беа потрошени осум и пол милиони денари од касата на подружницата на Елекртостопанство во Прилеп.

Од сето досега изложено, сосема разбирливо и оправдано е очекувањето со новиот закон и со подзаконските акти кои ќе произлезат од него да биде создадена правна рамка со која во целост ќе се надмине сегашната неповолна состојба во грижата за зачувување на културното наследство толку значајно за минатото, сегашноста и иднината на нашата земја.

И сосема на крај би сакала да ја истаканам мојата целосна подршка на овој проект и уште еднаш да го нагласам  задоволство што овој навистина многу значаен закон се носи во пропишаната повеќефазна собраниска процедура, со што ќе се овозможи  поголема транспоарентност како и доаѓање до квалитетни долготрајни решенија и издржан законски текст.

Пратеничката група на ЛДП дава безрезервна подршка на нацртот на Законот за заштита на културното наследство

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господин Ејуп Рустеми. Повелете.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитувана потпретседателке на Собранието, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

После Законот за култура кој што го усвоивме пред неколку дена, Нацрт законот за културно наследство исто така претставува еден многу значаен закон од областа на културата. Со оглед на фактот дека ова е втора фаза на овој закон, односно го имаме Нацрт законот за културно наследство, а јас во првата фаза имав можност во мојата дискусија го елаборирав законот, ги искажав сите забелешки во врска со законот за кој дискутираме денеска. Немам намера да должам, меѓутоа уште еднаш ќе ги истакнам сите тие забелешки, затоа што оние кои ги искажав во првата фаза гледам дека не се опфатени во Нацрт законот.

Прво, една од моите забелешки кои ги кажав во првата фаза беше дека во работната група за подготовка на Законот за културно наследство нема ниту еден претставник од албанската заедница. Според информациите кои ги имам бил поканет еден експерт од културното наследство, меѓутоа, само за консултација. Тој не бил составен дел на работната група за подготовка на Нацрт законот.

Исто така не биле поканети ниту здруженија, ни претставници на Кадедрата за албански јазик и други институции, кои на професионален начин се занимаваат со културното наследство во Република Македонија од албанската заедница.

Јас со внимание го следев излагањето на претставничката од Министерството за култура, која истакна дека Законот за кој дебатираме е закон кој важи за целата територија на Република Македонија во што целосно се согласувам, но доколку го разгледаме Нацрт законот каде за заштита на историските споменици и целото културно наследство се земаат конзерваторните центри каде со членот 146 се предвидува формирање на центри за конзервирање, што беше една од моите сугестии при првата фаза. Меѓутоа, кога се преминува на членот 176 каде се вели дека се прави реорганизација на заводите за заштита на културните споменици, се предвидува реорганизација на овие заводи кои се во Скопје, Охрид, Битола, Штип и Струмица (во 16,45 часот со седницата продолжи да раководи Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија) не се предвидува формирање на такви центри во градовите од Западна Македонија, на пример Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и т.н. Поаѓајќи од фактот дека и овие градови се богати со културно историски споменици кои едновремено ќе го збогатат општото културно наследство на Република Македонија.

Освен оваа забелешка јас имам уште една, која се зборува за националниот совет за културно наследство во ставот 2 се вели дека овој Совет е составен од претседател и 14 други членови кои ги именува Владата на Република Македонија. Јас мислам дека тука треба да има уште еден став кој би се однесувал на пропорционалното правично и соодветно претставување во овој совет, затоа што ова претставување претставува уставна норма по Рамковниот договор.

Затоа, за да имаме еден подобар закон, со самиот факт дека ова е втора фаза од донесување на законот, а потоа ќе имаме и трета фаза, каде ќе се премине и на усвојување на законот за културно наследство, му се обраќам на Министерството за култура да посвети поголемо внимание и да ги земе во предвид сите наши забелешки со цел да донесеме еден закон кој би ја изразил реалноста во Република Македонија, затоа што знаеме дека овој закон ќе биде усвоен со консензус односно за овој закон ќе биде потребно многизнството гласови на заедниците кои не се македонци.

Не би должел повеќе, уште еднаш би апелирал до Министерството за култура да ги има во предвид сите овие наши забелешки и на крај да донесеме еден закон кој ќе ја претставува реалноста во Република Македонија.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Елеонора Петрова-Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Почитуван господин претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници, претставници на Владата,

Дозволете ми накратко, да се задржам на Нацрт законот за културно наследство, бидејќи претходните дискутанти и покрај тоа што материјалот кој го држам во раце е обемен, накратко ќе се задржам на Законот за културно наследство, бидејќи претходните дискутанти навистина ги претресоа сите теми, од сите агли, се задржаа на сите значајни точки и јас како човек кој скоро целиот свој работен век сум го поминала во заштитата на движното културно наследство, а во Владата на широка коалиција 2001 година во изработка на овој документ, ќе се задржам само на она што сметам дека е навистина битно и значајно, особено конкретно ќе се задржам од аспект на мојот еснаф, археолошкиот еснаф, бидејќи најголем дел од забелешките се однесуваат токму на археологијата, археолошките истражувања и на пронајдоците кои се поврзани со археологијата.

Најпрвин би сакала да кажам нешто околу донесувањето на законот. Ние до сега и сеуште работиме, бидејќи овој закон не е донесен, со Законот од 1973 година кој навистина претставуваше закон од една сосема друга држава кој беше неусогласен со Уставот на Република Македонија, со Законот за култура, новиот, како и со прописите за урбанизам и изградба.

Исто така, овој закон кој сега се предлага во втората фаза ќе биде усогласен со меѓународните стандарди и нормативи за заштита, потоа со меѓународни договори, како и со утврдување на официјална терминологија која сега за прв пат се воведува, до сега имавме друга терминологија, која од сега предлагаме да не биде таква, да биде различна.

Основата на системот на заштита на културното наследство ќе ја сочинуваат, покрај законот за културно наследство, кој е во втора фаза и посебни закони по посебни дејности, како што се законот за музејска дејност, законот за библиотечна дејност, законот за кинотечна дејност кој закони се од областа на заштитата и користењето.

Што сакаше да се постигне со овој закон? Да се назначи местото и улогата на државата и на нејзините органи и институциите на заштита. Секако,

најважно е утврдувањето на националната стратегија во заштитата на културното наследство, активно вклучување на културното наследство во современиот развој на државата, што сметам дека е особено важно и обезбедување и компатибилност на културното наследство со меѓународните системи на заштита.

Сметам дека овој сегмент можеби е најзначаен, бидејќи цело време се трудиме да направиме законодавствло компатибилно со европското, односно македонските закони да бидат хармонизирани со европските закон.

Предмет на законот кој денеска го разгледуваме се сите оние нематеријални и материјални добра кој заради своите уметнички, историски, научни и други вредности имаат културно историско значење, археолошко, умезтничко.

Беше кажано дека според видот и до сега се делеа на движни и недвижни, од сега и на духовно културно наследство, се разбира за оние кои помалку се упатени во темата во недвижно наследство припаѓаат спомениците, споменичните целини и културните предели, а во движното културно наследство археолошките наоди, етнолошките, историските, уметничките и другите предмети, библиотечните, архивските и кинотечните добра, а во духовното наследство тоа е категорија која прв пат се внесува, тоа се фолклорните, традицијата и занаетите, јазикот и топонимите.

Исто така, ново е што за прв пат културното наследство се дели по некои други категоризации, според други категории од досегашните, а тоа е културно наследство од особено значење и значајно културно наследство.

Посебни категории претставуваат резервираните зони во археологијата, но бидејќи ова беше кажано, не би се задржувала на овие категроии, ниту на прогласувањето кое беше апсолутно нова категорија.

Ќе се задржам особено на археолошките истражувања во рамките на законот за културно наследство, бидејќи со овој закон апсолутно се менува и давањето на дозволата за археолошки истражувања, меѓутоа, бидејќи оние кои работеле според овие закони секогаш имале проблеми во оваа сфера, бидејќи една институција од областа на заштитата на културното наследство, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата ги давал дозволите за археолошки истражувања и вршел археолошки истражувања, потоа ги контролирал, значи се се сведувало на една институција додека други институции од сферата која ја истражувале како на пример музеите, морале да бараат дозволи од Заводот, па потоа колегите да им ги контролираат археолошките истражувања и да им издаваат

дозвола. Сега сето тоа се менува, дозволите за археолошки истражувања ги донесува Управата, една комплетно нова институција која за прв се јавува и која ќе ги преземе поголем број од дејностите, кои го сега ги имал Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, а дејноста на Републичкиот завод ќе се подели така што еден сегмент ќе оди во Управата, а другиот сегмент ќе оди во Националниот конзерваторски завод. Останатите пет заводи за заштита на спомениците на културата во градовите во Републиката, како што се прилепскиот, битолскиот, охридскиот, струмичкиот и штипскиот завод за заштита на спомениците на културата, ќе станат Регионални конзерваторски центри и тука ќе се јави еден проблем кој дополнително ќе се реши, тука има преодни одредби, меѓутоа јас тука би апелирала до предлагачите на законот, се разбира има и повеќе фази на подготвување, посебен акцент да стават на оваа материја, какво ќе биде разделувањето на институциите, заводи и музеи во досегашните пет центри кои веќе ги спопмнав.

Бидејќи ситуацијата во Република Македонија е овде и никаде на друго место, заводите за заштита на спомениците на културата и музеите да бидат во една иста институција, сега оваа поделба ќе биде на некој начин и болна и ќе биде финансиско оптоварување за државата, заради тоа што ќе треба да се поделат стручњаците од областа на заштитата и од областа на музеологијата, а се разбира и сите оние пропратни служби ќе треба да се поделат во две институции и тука ќе треба да се поведе поголема сметка колкав ќе биде рокот на надминување на овој проблем.

За сега, иако допрва претстои јавна расправа по законот за културно наследство, најголем проблем предизвикува токму оваа поделба на институциите од областа на културата, на заводите и музеите, бидејќи секој го бара својот статус каде ќе се најде во сето тоа.

Значи, покрај сите работи кои сакам да ги кажам беше спомнато и колекционерството, беа спомнати Националниот совет за културно наследство, сакам да кажам пред да поминам на конкретни забелешки по членови на законот за културно наследство дека овој Нацрт на закон е усогласен со европската регулатива, значи со актите на Европската унија од оваа област, директивата од 1993 година на Европската унија за враќањето на културните добра, незаконско отуѓени и одземени од територијата на земја членка, потоа регулативата 3913 од 1991 година за извоз

на културни добра, а исто така тоа е согласно на Директивата за враќање на културни добра во Република Македонија.

Исто така, овој Нацрт на закон за културно наследство е усогласен и со законските проекти односно постојните закони во Република Македонија. Значи, усогласен е со мислењето на Секретаријатот за законодавство, со Министерството за транспорт и врски, со Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии. Така што овој закон покрај тоа што е усогласен со Европската регулатива е усогласен и со сите закони, а се разбира најмногу со Законот за културно наследство, односно Законот за култура што беше донесен на претходната седница.

Сега го имаме и овој закон што ќе  оди во втора фаза, и бидејќи беше сложен и обемен закон Комисијата за култура уште кога дојде законот на разгледување овој закон да оди во три фази. Морам да констатирам дека од првата до втората фаза законот има претрпено одредени промени што се одразиле на квалитетот. Значи, текстот на Нацртот на законот е подобрен, што морам да пофалам дека навистина е вложен многу голем труд во доработката на овој закон и да укажам, дека сега после оваа втора фаза на законот следи јавна расправа која што, заради летните одмори во Комисијата за култура сметавме дека треба да биде пролонгирана на 60 дена. Со тоа ќе можат сите релевантни фактори од областа на заштитата и културата да го кажат своето мислење за законот и ќе можат сите оние мислења што ќе бидат доставени во текот на овие 60 дена да бидат имплементирани во Законот за културно наследство, особено во третата фаза.

Сега би сакала само да се задржам, затоа го имам законот со мене, на одредени членови од Законот за културно наследство, што посебн ме тангираат мене и оние кои многу години работеле во пракса на оваа проблематика. Сакам да предложам некои членови што ќе бидат особено во насока на подобрување на Нацртот на законот.

Тоа е членот 6, каде што се предлага дека со вршење дејност од областа на културата ќе се однесува на заштита на определен вид на културно наследство, е сега не само на заштита, туку сигурно треба да стои и на чување, презентирање и истражување, бидејќи чувањето, презентирањето и истражувањето е составен дел на сето тоа.

Потоа, о членот 8 каде што се предлага управните и одредени стручни работи од заштита на културното наследство ги врши Министерството за култура, се претпоставува дека Министерството за култура не може да вработи експерти за одредена проблематика и дека во оваа сфера ќе треба да се поканувааt експерти на повик, односно да има експертска комисија што ќе ги врши овие стручни работи во Управата на Министерството за култура.

Стручни комисии за секоја сфера што ќе се покаже како потребно да бидат формирани.

Исто така, во ставот 3 вели - недвижното културно наследство во натамошниот текст споменичка дејност, и музејската, библиотечната и кинотечната дејност, сметам дека треба да се додаде движното културно наследство, бидејќи движното и недвижното културно наследство се апсолутно рамноправни во оваа сфера.

Потоа би отишла дури на членот 29 каде што вели - културно наследство во опасност, треба да биде прецизирано, да се направи прво рекогностирање се разбира од стручна комисија и подоцна да се прогласи резервирана археолошка зона, бидејќи не може нестручни служби односно самооперативни служби од Управата тоа да го направат без вклучување на експерти кои после рекогностирање на теренот ќе определат кој е тој простор што ќе треба да влезе во резервирана археолошка зона.

Во членот 31 став 4 каде што има класификација на културното наследство според национална класифиација, што врши Управата, Управата не може да го врши ова заради тоа што повторно треба да има стручна комисија што ќе одрди што треба да влезе во оваа национална класификација на културното наследство. Значи, секаде ни се јавува, во рамките на Управата, еден стручен аспект за кој што Министерството за култура треба да поведе сметка, бидејќи во Управата треба да поканува експерти на повик, односно во одредени стручни комисии што ќе работат на оваа одредена проблематика.

Потоа, членот 53, исто се однесва за дозвола за археолошки ископувања, ја дава Управата, меѓутоа повторно треба стручна експертска комисија да дава дозвола за археолошки истражувања, бидејќи не може Управата како тело да ги дава дозволите од оваа сфера.

Во членот 54 став 2 точка 2, установува заштита во областа на музејскат,а да не стои споменичката дејност, каде што стои носител на дозвола за археолошки

истражувања и раководење со истражувања. Кажав повеќе пати дека Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата ќе стане национален конзерваторски центар и тој ќе се бави со заштита на спомениците на културата, пред се со конзервација, така што нема да му треба дозвола за археолошки истражувања. Така треба да биде установи за заштита од областа на музејската дејност а не од споменичката дејност. Значи да се иземе споменичката дејност.

Прескокнувам 100 членови.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓо Елеонора, можеме и во петок да продолжиме, ќе ви дадам збор. Како сакате.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Нема потреба, завршувам сега.

Значи, членовите 144 и 145 се однесуваат на стручните комисии и на ограничени археолошки ископувања сврзани со конзервација на објектот да имаат националните републички заводи и особено е важно, само на крајот да кажам дека кога станува збор за кривичните дела, тоа веќе беше кажано, сакам да кажам дека по членот 172, сметам дека кривичните дела треба да бидат внесени во овој закон а не во Кривичниот законик, затоа што во Република Македонија толку многу се расправаше, толку многу имаше диви копачи, толку многу кражби на културното наследство и на движното и на недвижното од самите локалитети, што сметам дека треба да се размисли да се најде место во овој член да биде внесено, во овој закон, а не во Кривичниот законит,

Сметам дека моите колеги од археологијата заслужија да им дадам повеќе внимание, меѓутоа очигледно нема голем интерес кај колегите пратеници да ја сослушаат оваа материја, затоа ќе си семам право во расправата што ќе се поведе по нацртот на законот за културно наследство во втората фаза, и особено, бидејќи сега не ми беше дозволено да ја завршам дискусијата, кога ќе биде третата фаза на законот за културно наследство, да си земам право да дискутирам поопстојно за овој закон за културно наследство, бидејќи сметам дека е од особено значење за Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ако сакате да довршите, ние со трпение е ве ислушаме. Јас не ви го одземав зборот.

Денеска завршуваме со расправа.

Продолжуваме во петок во 10,00 часот.

(Седницата  заврши со работа во 17,10 часот).